ПРИРАЧНИК И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОБУКА ЗА ЕВРОПА

# Слобода на изразување, закон за медиуми и клевета

MLDI Media Legal Defence Initiative

I·P·I International Press Institute

ПРИРАЧНИК И МАТЕРИЈАЛИ ЗА ОБУКА ЗА ЕВРОПА

# Слобода на изразување, закон за медиуми и клевета

MLDI
Media Legal Defence Initiative

I·P·I
International Press Institute

Мај 2015

Прирачникот е подготвен од д-р Ричард Карвер од универзитетот Оксфорд Брукс за серија од работилници за навреда и клевета наменети за адвокати и новинари од Европа под покровителство на Media Legal Defence Initiative и International Press Institute. Изработката на прирачникот е овозможена преку средства од Европската комисија и Фондациите Отворено општество.

Ова дело е лиценцирано според интернационалната лиценца на Creative Commons Наведи извор-Некомерцијално 4.0. Со оваа лиценца вие имате слобода да го споделите и прилагодите ова дело се додека го наведете изворот, овозможите линк до лиценцата и укажете ако се направени измени. Секое такво споделување или прилагодување мора да биде исклучиво за некомерцијални цели и мора да биде достапно „под истите услови". Целосните услови на лиценцата се достапни на следниот линк http://creativecommons.org/licenses/by-nc/4.0/legalcode.

ISBN: 978-3-9504098-4-0

This training manual was supported by co-funding from the European Commission, under its European Centre for Press and Media Freedom pilot programme, and by a grant from the Foundation Open Society Institute in cooperation with the Program on Independent Journalism of the Open Society Foundations.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД: КАКО ДА ГО КОРИСТИТЕ ОВОЈ ПРИРАЧНИК** 5
*Дефинирање термини* 6

**1. СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ: ПРИНЦИПИ И ИЗВОРИ** 9
*Зошто е важна слободата на изразување?* 10
*Слободата на изразување и слободата на медиумите* 12
*Ограничувања на слободата на изразување* 13

**2. КЛЕВЕТА** 19
*Што е клевета?* 19
*Кривична клевета* 20
*Граѓанска клевета* 23
*Дали вистинита изјава може да биде клевета?* 23
*Изразување мислење* 25
*Дали постои право на углед?* 26
*Кој е вистинскиот начин за да се справите со клевета?* 27

**3. КЛЕВЕТА И ЈАВНА ДЕБАТА** 29
*Критика на јавни функционери и личности* 29
*Заштита на политички говор* 33
*Привилегии за членовите на парламентот и известување за изјави дадени во парламентот* 35
*Приватност на јавните функционери* 36
*Навреда на институции* 37
*Медиумите како „кучиња-чувари“* 40
*Религиозна клевета* 42

**4. ВИДОВИ КЛЕВЕТНИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ** **47**
*Мислење наспроти факти* **47**
*Хумор* **48**
*Туѓи изјави* **50**

**5. СЛУЧАИ НА КЛЕВЕТА ВО СУД** **53**
*Одбрана во тужби за клевета* **53**
*Чиј е товарот на докажување?* **54**
*Заштита на анонимни извори* **55**
*Правни лекови/казни* **57**
*Како може меѓународните закони за човекови права да бидат применети во националните судови?* **60**
*Каква е судската практика од други јурисдикции?* **63**

**6. КОРИСТЕЊЕ НА ОВОЈ ПРИРАЧНИК** **65**
*Педагогија и образование за возрасни* **66**

# ВОВЕД: КАКО ДА ГО КОРИСТИТЕ ОВОЈ ПРИРАЧНИК

Овој прирачник е создаден за да служи како придружен материјал при едукативна работилница за навреда и клевета наменета за адвокати и новинари од Јужна Европа. Тој содржи ресурси и дополнителни материјали кои ќе им помогнат на обучувачите да се подготват, а на учесниците да ги разберат темите кои ќе се дискутираат.

Учесниците во работилниците ќе бидат новинари и други медиумски работници, за кои работилницата ќе биде можност да научат за генералните принципи зад законите за навреда и клевета, и адвокати, кои ќе имаат можност преку практика да работат на развивање стратегии во случај на тужби за клевета или навреда против нивните клиенти.

За учесниците-правници, се претпоставува дека се квалификувани и компетентни адвокати, со искуство во судски постапки, но не и задолжително искуство со законите за медиуми, слобода на изразување и човекови права.

Прирачникот има три намени:

- Може да се користи од страна на обучувачи за подготовка на работилници. Материјалот кој го содржи прирачникот ги дава сите потребни информации за одржување дводневна работилница за Европскиот закон за клевета (но не содржи материјал специфичен за секоја земја). Прирачникот содржи и курикулум и дополнителни ресурси (презентации и материјали за делење) потребни за организирање на работилницата.
- Може да се користи од страна на учесници за претходна подготовка за работилница. Искуството во образованието за возрасни покажува дека учењето е најефективно кога се фокусира на развој и практика на вештини, наспроти обидите за пренесување знаење. Ако учесниците имаат познавања за некои од основните принципи наведени во овој прирачник, тогаш практичните вежби ќе бидат многу поефективни.
- Прирачникот е достапен за учесниците и по *завршување* на работилницата како референтна алатка. Прирачникот содржи насоки и референци, па сè до студии на случај, кои се корисни

за подобро разбирање на принципите на законите за навреда и клевета и подготовка на судски постапки во иднина.

# Дефинирање термини

Оваа едукативна работилница е за ***клевета***. Ова е општ правен термин, кој се користи за да се дефинира незаслужено нарушување нечиј углед. Во некои правни системи, терминот клевета е поделен на ***пишана клевета*** и ***усна клевета***. Првиот се однесува на погрдна изјава, која е објавена во пишана или во некоја друга форма на емитување. Наспроти ова, усната клеветата се однесува на изјава која е кажана приватно и не е зачувана во никаква трајна форма.

Во овој едукативен материјал ќе го опфатиме вообичаениот термин, клевета, освен во случаи каде специфично се повикува на закони, законски одредби или судски надлежности кои користат алтернативен термин.

Друг сличен концепт се појавува во некои правни кодови: ***навреда*** (или ***desacato*** во неговата добропознатата шпанска форма). Овој термин се однесува на „клеветење" управи (како, на пример, монархија), симболи (како, на пример, знамиња и други обележја) или институции (како државата или законодавно тело). Тој не се совпаѓа целосно со интернационалната прифатена дефиниција за заштита на угледот, но бидејќи е регулирана во многу земји како тип на клевета, ќе биде опфатена и во овој прирачник.

Некои модерни правни системи исто така содржат навреди кои потекнуваат од двата Римски закони: ***iniuria*** и ***calumnia***, кои се однесуваат на давањето лажни изјави за некоја личност.

Некои правни системи исто така содржат концепт за ***групна клевета***, особено поврзана со религиозните групи. Иако ние ќе дадеме аргументи дека овој пристап, како и директната навреда, не е легитимно користење клевета, бидејќи групата не може да има право на углед на ист начин како индивидуата, сепак, ќе биде опфатено во работилницата.

***Кривична клевета*** е ситуација кога клеветата е прекршок кој е под надлежност на кривичниот законик на државата. Во такви случаи, наводната клевета ќе биде управувана од државните обвинители и

водена од кривичниот суд, со можност за затворска казна доколку обвинетиот е прогласен за виновен.

***Граѓанска клевета*** опишува навреда или прекршок од цивил. Во овие ситуации, дали индивидуата била жртва на клевета се одредува во приватна парница пред граѓанските судови. Ако се докаже клеветата, тогаш може да се нареди исплата на парична компензација или некој друг начин на оштета како, на пример, објава на исправка или извинување. Секој систем, кој има дефинирано криминален прекршок за клевета, вообичаено има и можност за водење парница во граѓански суд.

## РЕЗИМЕ:

***Клевета***: незаслужено нарушување нечиј углед

***Пишана клевета***: озборување во пишана или друга трајна форма

***Усна клевета***: навреда во усна или незапишана форма

***Кривична клевета***: прекршок кој се води од криминалните судови

***Граѓанска клевета***: прекршок кој се води како приватна парница поради навреда од граѓанин

# 1. СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ: ПРИНЦИПИ И ИЗВОРИ

Важноста на слободата на изразувањето е веќе позната. Во раната модерна Европа, мислителите, како што се Џон Милтон и Џон Лок, го истакнуваат нивното спротивставување за цензурата како дел од развојот на демократска влада. Најпознат од сите, првиот амандман од Уставот на Соединетите Американски Држави, вели:

> **Конгресот нема да донесе закон... со кој се крати слободата на говор или на печатот.**

Меѓутоа, правото на слободно изразување е универзално признаено дури откако се формираа Обединетите нации и откако се креираше дефиницијата за човековите права во меѓународните закони.
Членот 19 од Универзалната декларација за човекови права (УДЧП) од 1948 година вели:

> **Секој има право на слобода на мислење и изразување. Ова право ја вклучува и слободата да се застапува одредено мислење без никакво вмешување и да се бараат, да се примаат и да се даваат информации и идеи преку медиуми од секаков тип без оглед на границите.**[1]

Подоцна, ова право беше заштитено во член 19 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (МПГПП).[2] Овој член ги повторува зборовите од УДЧП, но додава неколку експлицитни основи со кои правото може да биде ограничено.

Меѓутоа, за Европејците, заштитата на правото за слободно изразување беше воспоставена порано. Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (позната и како Европска конвенција за човекови права или ЕКЧП) беше усвоена во 1950 година, а влезе во сила во 1953 година. ЕКЧП беше развиена под закрила на Советот на Европа. Освен три, сите други земји во Европа се потписници на Конвенцијата (исклучоци се Ватикан, Белорусија и Казахстан).

Членот 10 од ЕКЧП ја штити слободата на изразување под следните услови:

---

[1] Универзалната декларација за човекови права, УДЧП, 1948 година.

[2] Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (усвоен на 16 декември 1966 година, а влезен во сила на 23 март 1976 година) 999 UNTS 171.

> **Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да доделуваат лиценци за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и кината.**[3]

Како и во членот 19 од МПГПП, членот 10 од ЕКЧП наведува случаи кога правото на слобода на изразување може да биде ограничено.

# Зошто е важна слободата на изразување?

## РАЗМЕНА НА ИДЕИ (БРЕЈНСТОРМИНГ СЕСИЈА)

Направете список со причини зошто слободата на изразување е важно човеково право

Вашиот список веројатно ќе започне со правото на изразување како *индивидуално* право. Тоа е тесно поврзано со индивидуалните слободи на мислење и изразување (погледнете ја формулацијата на членот 19 во УДЧП и МПГПП и членот 10 од ЕКЧП). Но, списокот многу набрзо се проширува со ставови дека слободата на изразување нуди општа, општествена придобивка. Ова право се третира како пресудно за функционирањето на демократијата во целост. Претставува начин да се осигури слободен проток на идеи и да се наметне одговорност од страна на властите. Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) го повтори овој став неколку пати:

> **Слободата на изразување претставува еден од најважните темели на таквото општество, еден од основните услови за негов напредок и за развојот на секој човек. Согласно ставот 2 од членот 10 (чл. 10-2), се применува не само на „информации" или „идеи" кои се поволно добиени или за кои се смета дека не се навредливи или се сметаат за безначајни, туку и за оние кои се сметаат за навреда, шок или вознемирување за државата или кој било дел од населението. Такви се барањата на таквиот**

[3] Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи, 213 UNTS 222.

> **плурализам, толеранција и широкогледост без кои не постои „демократско општество“.**[4]

Овие зборови се наведени во релативно раната одлука по основа на член 10, но претставуваат зборови кои се повторуваат во многу подоцнежни пресуди.

Но, предностите од слободата на изразување не се појавуваат само во областа на политиката. Економистот и нобеловец, Амартја Сен, отиде уште подалеку и изјави дека земјите со слободен печат немаат проблеми со глад. Без разлика дали таквата изјава е точна, генералната поента е дека слободата на изразување – вклучувајќи ја и слободата на медиумите – е предуслов за уживање во другите права.

Првата сесија на Генералното собрание на Обединетите нации во 1946 година ја опфати оваа тема на овој начин:

> **Слободата за пристап до информации е основно човеково право и... основата на сите слободи кои ќе ги застапуваат Обединетите нации.**[5]

Слободата за пристап до информации во оваа изјава е сфатена како нераскинлив дел од слободата на изразување – како делот „слобода да се бара, прима и дава информација“ од членот 19 од УДЧП. *Тачстоун* (touchstone) е алатка за испитување со која се одредува чистотата на скапоцените метали. Метафората би била дека слободата на изразување и пристапот до информации се средства за да се одреди нивото на почитување на човековите права и слободи во целост.

Еден заклучок од овој пристап е да се рече дека слободата на изразување има повисок статус од другите слободи, бидејќи нивното уживање зависи од слободата на изразување. Овој пристап е присвоен во Соединетите Американски Држави, каде првиот амандман од Уставот и јуриспруденцијата на Врховниот суд постојано го истакнуваат приоритетот на слободата на изразување. Иако ЕСЧП понекогаш се повикува на пресуди на Врховниот суд на САД, ова не е пристапот кој се применува најчесто во Европа (а ни во инструментите за човекови права на ОН).

---

[4] *Handyside v. United Kingdom*, пресуда од 7 декември 1976 година, Серија А бр. 24.
[5] Резолуција 59(I) на Генералното собрание, 14 декември 1946.

Како што ќе дискутираме подолу, слободата на изразување е право кое може да биде ограничено во одредени околности, како што е, на пример, за заштита на углед (и може да биде целосно суспендирана во случаи на национална опасност). Ова значи дека има послаб статус од другите слободи, како што е, на пример, слободата на мислење или правото да не се биде измачуван.

## Слободата на изразување и слободата на медиумите

Улогата на медиумите за масовно комуницирање е од големо значење. Од друга страна, улогата на „кучиња-чувари" (watchdog) е тема која ЕСЧП ја има истакнато во неколку наврати:

> **Не само што [медиумот] има задача да соопштува такви информации и идеи: јавноста има право да ги прима. Во други околности, новинарите не би имале можност да ја практикуваат виталната улога на „кучиња-чувари".**[6]

и:

> **Слободата на медиумите ѝ овозможува на јавноста едно од најдобрите средства за откривање и оформување мислење за идеите и ставовите на нивните политички лидери. Уште поважно, таа им дава можност на политичарите да размислуваат и да коментираат за прашања од интерес за јавноста, а со тоа им овозможува на сите да учествуваат во слободната политичка дебата, која е дел од суштината на концептот за демократско општество.**[7]

Вистинското значење на ова, поента која е истакната од ЕСЧП, националните судови во Европа и од други места, е дека правото на слобода на медиумите не им припаѓа само на индивидуалните новинари. Францускиот *Уставен совет*, на пример, вели дека ова право е уживано не само од оние што пишуваат, уредуваат или објавуваат, но и од оние кои читаат.[8]

---

[6] *Thorgeirson v. Iceland*, пресуда од 25 јуни 1992, серија А бр. 239.

[7] *Castells v. Spain*, пресуда од 23 април 1992, серија А бр. 236.

[8] Уставен совет на Франција, 29 јули 1986, 110.

Во славна пресуда за слободата на медиумите, Интерамериканскиот суд за човекови права вели:

> **Кога слободата на изразување е попречена... не е прекршено само правото на индивидуалниот новинар, туку е прекршено и правото на сите други да „примаат" информации и идеи.**[9]

Членот 10 од Европската конвенција експлицитно наведува дека правото на слобода на изразување не ја исклучува можноста од „лиценци за работа на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос и кината". Меѓутоа, лиценцирањето треба да се интерпретира како механизам кој ќе овозможи соодветна дистрибуција и пристап до медиуми. ЕСЧП ја одби идејата дека државата има каква било улога во претходни ограничувања или во наложување на радиодифузерите што може да емитуваат.

## Ограничувања на слободата на изразување

Слободата на изразување не е безусловно право. Основниот принцип на законите за човекови права, најден во инструментите на ОН и Европската конвенција (член 17), е дека човековите права не смеат да бидат применувани на начин кој ги крши правата на другите. И членот 19 од МПГПП и членот 10 од ЕКЧП истакнуваат неколку причини поради кои може да биде ограничена слободата на изразување:

> **Остварувањето на слободата предвидена во став 2 од овој член повлекува посебни обврски и одговорности. Тоа може да биде подложено на одредени ограничувања кои сепак мора да бидат изречно утврдени со закон и кои се нужни:**
>
> **а) за почитување на правата и угледот на другите лица;**
>
> **б) за заштита на националната безбедност, или јавниот поредок, или јавното здравје или моралот.** (МПГПП)
>
> **Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и одговорност, може да се подложи на формалности, услови, рестрикции или казни определени со закон и неопходни во едно демократско општество, во интерес на**

---

9 *Compulsory Membership in an Association Prescribed by Law for the Practice of Journalism*, Advisory Opinion OC-5/85 од 13 ноември 1985, Серија А бр. 5, 7 HRLJ 74 (1986), параграф 30.

**националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за заштита од немири или кривично дело, на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за заштита од откривање доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството.** (ЕКЧП)

Покрај тоа, членот 17 од ЕКЧП е така наречената „клаузула за злоупотреба". Со ова се овозможува никој да не може да употреби било кои од правата од Конвенцијата за да се укинат или ограничат правата содржани во неа. Ова не е употребено за прашањето за клевета, иако има други случаи поврзани со слободата на изразување каде е применето, како што е негирање на холокаустот.

## РЕЗИМЕ:

Во Европа, слободата на изразување може да биде ограничена поради која било од следните причини:

- Да се заштитат правата или угледот на други
- Национална безбедност
- Јавен поредок (што опфаќа и состојба на општеството покрај јавниот поредок)
- Јавно здравје или морал
- Територијален интегритет или јавна сигурност
- Заштита од откривање доверливи информации
- Авторитет и непристрасност на правосудството

Ова е долг список и, можеби, од перспективите на новинар или друг бранител на слободата на медиумите, прилично е застрашувачки.

Меѓутоа, процесот на ограничување на слободата на изразување (или кое било друго човеково право) не претставува празен чек за диктаторите. Не е доволно владата едноставно да се повика на „национална безбедност" или на некое од другите достапни ограничувања и со тоа да ги прекрши човековите права.

Постои добро утврден процес за одлучување дали правото на слобода на изразување (или кое било друго човеково право) може да биде ограничено.

Како што е наведено од ЕСЧП, процесот се состои од три чекори:

Чекор 1: Секое ограничување на правото мора да биде пропишано со закон.

Чекор 2: Ограничувањето мора да биде во насока на една од пропишаните цели наведени во текстот на инструментот за човекови права.

Чекор 3: Ограничувањето мора да биде *неопходно* за да се постигне пропишаната цел.

Подетално образложување на чекорите:

### *Чекор 1: Пропишано со закон*

Ова, едноставно, е следење на *принципот на законитост*, кој е основа на концептот на владеење на правото. Законот треба да биде јасен и да не се однесува на минатото. Исто така, мора да постои претходен, воспоставен закон во кој недвосмислено е дефинирано дека слободата на изразување може да биде ограничена (на пример, во интерес на заштитата на правата и угледот на другите.

ЕСЧП вели дека, за да биде пропишано со закон, ограничувањето мора да биде „соодветно достапно" и „формулирано со доволна прецизност за да му се овозможи на граѓанинот самиот да ги регулира своите постапки".[10]

Комитетот за човекови права (тело кое го мониторира МПГПП) додава дека кој било закон со кој се ограничува правото на изразување мора да соодветствува на принципите на Пактот како целина, а не само на членот 19. Дополнително, ова значи дека ограничувањата не смеат да бидат дискриминаторски и дека казните за непочитување на законот не смеат да го прекршуваат МПГПП.[11]

**Што е закон?**

Законот кој го ограничува правото на изразување мора да биде пишана законска одредба. Комитетот за човекови права вели дека ова може да вклучува закони на парламентарни привилегии или закони за непочитување на судот. Со оглед на сериозните импликации од ограничувањето на слободата на изразување,

---

[10] *The Sunday Times v. United Kingdom*, пресуда од 26 април 1979, серија А бр. 30.

[11] Комитет за човекови права, општ коментар бр. 34, „Член 19: Слобода на мислење и изразување ", CCPR/C/GC/34, 12 септември 2011, параграф 26.

МПГПП не дозволува ограничувањето „да биде содржано во традиционални, религиски или други слични вообичаени закони“.[12]

### *Чекор 2: Служење легитимна цел*

Списокот легитимни цели, поради кои правата може да бидат ограничени во секој од инструментите за човекови права, е детално дефиниран. На пример, седум такви причини се наведени во членот 10 од ЕКЧП. Тоа се сите причини кои може да бидат основа за ограничување на слободата на изразување.

**Легитимни ограничувања во став 2 од член 10 од ЕКЧП:**

- интерес на националната безбедност
- територијалниот интегритет или јавната сигурност
- заштита од немири или кривично дело
- заштита на здравјето или моралот
- заштита на угледот или правата на другите
- заштита од откривање доверливи информации
- одржување на авторитетот и непристрасноста на правосудството

### *Чекор 3: Неопходност во демократско општество*

МПГПП бара секое предложено ограничување да биде „неопходно“, но ЕКЧП го надополнува ова со фраза која може да се најде во УДЧП: „Во демократско општество“. Ова ја нагласува претпоставката дека ограничувањето на правото е последна опција и секогаш мора да биде пропорционална со целта која треба да се постигне. „Неопходно“ е посилен стандард од „разумно“ или „пожелно“, меѓутоа ограничувањето не треба да биде „незаменливо неопходно“.[13] Законот мора да биде јасен и достапен за јавноста. „Законот не смее да овозможува неограничена примена на ограничувањето на слободата на изразување на оние кои се одговорни за неговото спроведување.“[14]

---

[12] исто, параграф 24.

[13] *Handyside v. United Kingdom*, параграфи 48-50; *The Sunday Times v. United Kingdom*, параграф 62.

[14] исто, параграф 25.

Во процесот на одлука дали едно ограничување е „неопходно во демократско општество", ЕСЧП го зема предвид јавниот интерес. Ако информацијата која ќе се ограничи се однесува на прашање од јавен интерес, тогаш ќе биде особено важно да се покаже дека „апсолутно со сигурност" ширењето на информацијата ќе ѝ наштети на идентификуваната цел.

Природата на предложеното ограничување е, исто така, важна тема за разгледување. Врховен суд на САД вели дека секое ограничување на слободата на изразување мора да биде најминималната рестриктивна опција:

> **Иако целта на Владата е легитимна и суштинска, таа не смее да се стреми да ги задушува основните човекови слободи ако постои начин резултатот да биде постигнат преку мали ограничувања.**[15]

Овој пристап е ист со оној на ЕСЧП. Комитетот за човекови права вели дека ограничувањата на слободата на изразување „не смеат да ги загрозат самите права".[16]

Во процесот на процена на легитимноста на ограничувањата, ЕСЧП на владите им дозволува „маргина на процена". Ова значи дека постои степен на флексибилност во интерпретацијата, што е особено применливо ако ограничувањето се однесува на прашање за кое има значајни разлики меѓу европските држави, како што е, на пример, заштитата на моралот. Маргината на процена ќе биде помала кога целта на ограничувањето е пообјективна (како, на пример, заштита на авторитетот на судството).[17]

---

[15] *Shelton v. Tucker*, 364 US 479, 488 (1960).

[16] Комитет за човекови права, општ коментар 34, параграф 21.

[17] *Handyside v. United Kingdom*, параграф 48; *The Sunday Times v. United Kingdom*, параграфи 79-81.

# 2. КЛЕВЕТА

## Што е клевета?

Законот за клевета датира уште од Римското царство. Кривичното дело *libellis famosis* понекогаш било казнувано со смрт. Иако денес казните и трошоците поврзани со клеветата не се толку сериозни, тие сепак имаат озогласен „застрашувачки ефект" и носат ризик од затворски казни или исплаќање големи парични надоместоци од новинарите во многу земји.

Во многу држави, клеветата сè уште потпаѓа под кривичниот законик, иако во многу случаи кривичната клевета повеќе не се употребува. Клеветата како прекршок или граѓанска неправичност продолжува да биде честа појава.

Во одредбите на модерните закони за човекови права, клеветата се подразбира како „незаконски напади" на „честа и угледот", дефинирани во член 17 од МПГПП. Во изминатите години, ЕСЧП го призна правото на углед, кое е опфатено со член 8 од Европската конвенција (правото на приватен и фамилијарен живот).[18] Членот 19 од МПГПП и членот 10 од ЕКЧП користат идентични зборови за правата и угледот на другите (иако не во истиот редослед) како легитимна основа за ограничување на правото на изразување.

**Кој може да тужи за нарушување углед?**

Законите за клевета имаат цел да го заштитат индивидуалното право на углед. Од ова следува дека само индивидуа може да тужи за заштита на своето право.
Затоа, дали овие може да тужат за заштита на нивниот углед:

- Знаме или државни обележја?
- Канцеларија (на кралот или на претседателот)?
- Институција (како армијата)?
- Група луѓе (како, на пример, религиска група)?
- Член на група (на пример, религиска група), ако тој/таа не е директно жртва на клевета?
- Претставник (како член на фамилија) на починат човек кој бил жртва на клевета?

[18] *Sipos v. Romania*, Application No. 26125/04, Judgment of 5 May 2011

Одговорите на сите случаи треба да биде *НЕ*. Во никој од овие случаи не постои индивидуа чиј углед може да биде нарушен. Или потенцијалниот тужител не е човек, или личноста не е директно жртва на клевета (член на религиозна група), или личноста не е повеќе жива за да тужи.

Во последниот пример – фамилија на починати лица – Европскиот суд не ја исклучува можноста тие да тужат, истакнувајќи:

> **Угледот на починат член од фамилијата на една личност може, во одредени околности, да влијае врз приватниот живот и врз идентитетот на таа личност и затоа потпаѓа под членот 8 [правото на приватен и фамилијарен живот].**[19]

Меѓутоа, фактот дека тужбата не е поднесена од страна на жртвата на клевета се зема како релевантен фактор за да се одреди дали мешањето со членот 10 е соодветно.[20]

Секако, во многу земји сè уште постојат закони кои дозволуваат да се поднесе тужба за клевета (или навреда или религиозна клевета или нешто слично) за секоја од групите наведени погоре. Меѓутоа, тие не содржат легитимни основи за ограничување на слободата на изразување врз *основа на заштитата на угледот*.

Веројатно постојат разумни аргументи за ограничување на говорот на омраза, на пример, кон религиските групи, но ваквите случаи не треба да бидат вклучени во закони за клевета.

Многу закони за клевета, со намера или при спроведување, се користат за да се адресираат прашања кои по правило треба да бидат опфатени со други закони (или воопшто да не бидат опфатени со закон). Законите за клевета особено се злоупотребуваат за да се казни критика кон владини или јавни службеници.

## Кривична клевета

Многу закони за клевета имаат произлезено од законите за кривични дела. Ова сугерира дека постои јавен интерес за државата да покренува кривични постапки против новинари или други лица, нешто што оди многу подалеку од правото на индивидуата да го заштити

[19] *Putistin v. Ukraine*, апликација бр. 16882/03, пресуда од 21 ноември 2013, параграф 33.
[20] Исто, параграф 34.

својот углед. Тоа е тесно поврзано со концептот на противдржавно дејствување (клеветење на власта или државата), со кое се казнува говорот или други начини на изразување критика кон владата или државата. Сепак, сѐ почесто концептот на кривична клевета се смета за застарен и анахроничен.

Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување на Обединетите нации преставува еден од многуте интернационални и регионални механизми кои се залагаат дека „кривичната клевета треба да биде укината во корист на граѓанските закони, бидејќи тие можат да овозможат доволна заштита на угледот...‟

> **Законите за кривична клевета претставуваат сериозна закана за слободата на изразување поради типот на казни кои можат да се изречат при пресуда и прогласување на обвинетиот за виновен. Како потсетување, голем број интернационални органи ја осудија заканата од санкции со казна затвор, без разлика дали станува збор за клеветнички изјави или поопшти случаи како мирно искажување ставови...**
>
> **Меѓународното право исто така ги поддржува ставовите дека владите и јавните органи не треба да имаат улога во носењето одлуки при клевета или навреда. Комитетот за човекови права, на пример, повика на укинување на прекршокот „клеветење на државата‟. Иако Европскиот суд за човекови права ги нема целосно оттргнато тужбите за клевета од страна на владите, тие сепак ги имаат ограничено таквите тужби за ситуации каде што е загрозен јавниот ред, со што имплицира дека владите не може да покренат тужба за клевета само за да ја заштитат својата чест. Голем број национални судови (на пример, во Индија, Јужна Африка, Велика Британија, Соединетите Американски Држави, Зимбабве) имаат забрането службени лица или претставници на органи на власта да покренат тужба за клевета.**[21]

Комитетот за човекови права го препорачува следното:

[21] Извештај од Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување, г. Абид Хусеин, E/CN.4/2000/63, 18 јануари 2000.

**Државите треба да размислат за декриминализирање на клеветата и, во секој случај, криминалниот закон треба да се применува само во најсериозни случаи, а мерката затвор во никој случај не е соодветна казна. Не е дозволиво орган на власта да поднесе обвинение за клевета против личност, а потоа да не го води случајот на суд навремено – таквата практика има застрашувачки ефект и може непотребно да го ограничи правото на слобода на изразување на лицето, но и на други.**[22]

Како што наведува Специјалниот известувач, ЕСЧП ја нема целосно отфрлено можноста за кривична пријава за клевета. Меѓутоа, постојат голем број многу строги заштити кои треба да се применат кога во народната легислатива клеветата е дефинирана како кривично дело:

- Ако клеветата е дел од кривичниот закон, стандардот за докажување во кривичната постапка, без основано сомнение, мора да биде целосно задоволен.
- Пресудите за криминална клевета треба да се применат само во случаи кога наводните клеветнички изјави се невистинити; тогаш менталниот елемент на кривичното дело е задоволен. Вакви случаи се: кога изјавите се дадени со претходно знаење дека се невистинити или со несовесно игнорирање на тоа дали тие се вистинити или лажни.
- Казните не треба да вклучуваат затвор, ниту, пак, треба да содржат други суспензии на правото на слободно изразување или правото на практикување новинарство.
- Не треба да се применува криминален закон ако постои граѓански закон кој е применлив.[23]

Секој случај на затворање медиумски работник претставува неприфатлива пречка за слободата на изразување и наложува дека, и покрај фактот што нивната работа е од јавен интерес, мечот на Дамокле постојано виси над главите на новинарите. Целото општество ги чувствува последиците кога новинарите работат под ваков притисок...

---

[22] Општ коментар 34.

[23] (види за пример *Amorim Giestas and Jesus Costa Bordalo v. Portugal*, апликација бр. 37840/10, параграф 36).

Како последица на ова, Собранието смета дека затворската казна за клевета треба да биде укината без понатамошно одложување. Особено се поттикнуваат земјите чии закони сè уште опфаќаат затворска казна, иако затворските казни не се целосно наметнати, да ги укинат без одложување, со цел да не им се дава каков било изговор, иако неоправдан, на оние земји кои продолжуваат да ги наметнуваат, а со тоа предизвикувајќи корозија на основните слободи.[24]

Опасноста со криминалната клевета и една од многуте причини зошто клеветата треба да биде третирана како граѓанско прашање е тоа што вмешаноста на власта во случаи на наводна клевета многу брзо го праша поместува случајот во насока на казнување дисиденти. Во најмала рака, им дава дополнителна и прекумерна заштита на службените лица и на владата. Ќе се навратиме на ова прашање подолу во прирачникот.

## Граѓанска клевета

Постои општоприфатена согласност дека треба да постојат некакви механизми за оние кои веруваат дека нивниот углед бил неправедно нарушен. Ваквиот случај треба да биде во форма на граѓанска тужба поднесена од страна на лицето кое тврди дека му бил нарушен угледот.

Сепак, дури и под овие услови, вистинската практика на законот за клевета покренува голем број потенцијални проблеми.

## Дали вистинита изјава може да биде клевета?

Ако се каже на овој начин, одговорот е јасен. Се разбира, кога зборуваме за заштита на нечиј углед, ние подразбираме углед кој заслужува да биде заштитен. Според тоа, следува дека ако изјавата всушност е точна, тогаш таа не може да биде клевета.

Политичар кој се бори за религиски и семејни вредности има вонбрачна афера. Тој политичар не смее да има можност да тужи успешно за клевета. Точно е дека откривањето на аферата ќе го загрози неговиот углед, но неговиот углед е незаслужен.

[24] Парламентарно собрание на Советот на Европа, резолуција 1577 (2007), „Кон декриминализирање на клеветата".

Оттука, докажувањето на вистината во исказите треба секогаш да биде апсолутната одбрана при тужба за клевета.

ЕСЧП, без исклучок, вели дека точната изјава не може легитимно да биде ограничена поради заштита на нечиј углед.

**Што е углед?**

Концептот на „углед" не е јасен, а тоа може да претставува и опасност поради фактот дека тој може да биде користен како основа за ограничување на човековите права. На пример, каква врска има со јавна или позната личност? Дали јавната личност има поголем углед од обичниот член на јавноста? Дали угледот има врска со тоа колку луѓе имаат слушнато за вас? Ако одговорот е да, тогаш веројатно нарушувањето на угледот на тие луѓе ќе биде многу поголемо. Со овој пристап се отвора можност за злоупотреба на законите за клевета од страна на јавните личности.

Можеби подобар пристап е да се поврзе концептот на „углед" со човечкото достоинство. Законот за човекови права има цел да го штити достоинството – еднакво за сите луѓе, без разлика дали се познати личности или не. Ова би значело дека обичните луѓе, чие прво појавување во медиумите настанува кога нивниот углед е нападнат, ќе бидат исто толку достојни за заштита, како и јавната личност за чии активности се известува секој ден. Тогаш, дали угледот е објективен феномен?

Што ако некое тврдење не е точно? Тоа ќе биде штетно за угледот на личноста, но дали тоа значи дека автоматски станува збор за клевета?

Во изминатиот половина век се развиваше еден тренд со кој *разумна објава* не се казнува, дури и ако не е целосно вистинита. Терминот „разумна објава" ја опфаќа идејата дека авторот ги има преземено сите разумни чекори за да ја осигури точноста на неговата објава и, исто така, дека објавата претставува прашање од јавен интерес.

ЕСЧП често се повикува на јавниот интерес како фактор за оценување дали има потреба од ограничување на слободата на изразување, кога се разгледува дали ограничувањето е „неопходно во едно демократско општество". Тој често ја нагласува важноста на улогата на медиумите како „кучиња-чувари" (watchdog).[25]

[25] На пример *Sunday Times v. United Kingdom*, *Thorgeirson v. Iceland*.

Аргументот е дека слободата на медиумите ќе биде попречена и улогата на „кучиња-чувари" ќе биде поткопана, ако од новинарите и од уредниците се бара секогаш да ја проверуваат секоја објавена изјава врз основа на високи стандарди за законски докази. Доволно е да се применува добра професионална практика, под што се подразбира дека се направени соодветни напори за да се проверат објавените изјави. Ненамерните грешки од страна на новинарите не треба да бидат казнувани на начин кој ја ограничува слободата на медиумите.

## Изразување мислење

Дискусијата досега беше фокусирана на фактички изјави кои може да бидат клевети. Но што се случува во случај на искажување на мислење?

ЕСЧП има заземено многу цврст став за ова прашање: никој не смее да биде ограничен во искажувањето мислење. Мислење е токму тоа: гледиште на новинарот или авторот, базирано на неговото или нејзиното сфаќање на фактите. Тоа е нешто сосема различно од самите факти.

Меѓутоа, земјите кои имаат закони за „навреда", може да ги казнуваат овие изразувања мислење. Кога политички активист го нарече францускиот претседател „тажен никаквец", тој беше осуден за навреда. Во тој случај, ЕСЧП утврди дека било прекршено неговото право на слобода на изразување.[26]

> **Потребно е да се направи внимателно разграничување помеѓу фактите и вредносните судови. Постоењето факти може да се докаже, додека вистината во вредносните судови не подлежи на постоење докази... Што се однесува до вредносните судови, ова побарување [да се докаже нивната вистинитост] е невозможно да се исполни и наедно го повредува правото на слобода на мислење...**[27]

---

[26] *Eon v. France*, апликација бр. 26118/10, пресуда од 13 март 2013.
[27] *Lingens v. Austria*, пресуда од 8 јули 1986, серија А бр. 103.

# Дали постои право на углед?

Членот 12 од Универзалната декларација за човекови права предвидува дека:

> **Никој нема да биде изложен на произволно вмешување во неговиот приватен и семеен живот, домот или преписката, ниту, пак, на напади врз неговата чест и неговиот углед. Секој има право на правна заштита од таквото вмешување или таквите напади.**

Овие искази се идентични со членот 17 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (а со тоа претставува законска обврска за државите кои се дел од пактот).

Како што веќе видовме, постои и посебен став во членот 19 од МПГПП за заштита на „правата и угледот" на другите како легитимни основи за ограничување на слободата на изразување.

Европската конвенција за човекови права, како што видовме, исто така содржи став за „угледот и честа" како легитимна основа за ограничувања.

Во последните години, Европскиот суд започна да ги третира „угледот и честа" како суштинско право содржано во член 8 (формулацијата на членот е иста со онаа на член 17 од МПГПП):

> **Судот смета дека угледот на една личност, дури и ако личноста е критикувана во рамките на јавна дебата, е дел од неговиот или нејзиниот личен идентитет и психички интегритет, и затоа влегува во рамките на неговиот или нејзиниот „приватен живот". Затоа, членот 8 има надлежност.**[28]

Во поново време, Европскиот суд направи мала измена во овој пристап. Во случајот *А наспроти Норвешка*, призна дека членот 8 не го предвидува „јасно" правото на углед. Во овој случај, тој заклучува дека:

> **Со цел членот 8 да има надлежност, нападот на личниот углед и честа мора да содржи одредено ниво на тежина и да биде извршен на начин што предизвикува повреда**

[28] *Pfeifer v. Austria*, апликација бр. 12556/03, пресуда од 15 ноември 2007, параграф 35.

**на личното уживање на правото за почитување на приватниот живот.**[29]

Во случајот *Каракo против Унгарија*, Европскиот суд го нагласи ова велејќи дека клеветата мора да претставува „многу сериозно мешање во неговиот личен живот со цел да го наруши неговиот личен интегритет".[30]

## Кој е вистинскиот начин за да се справите со клевета?

Кога едно лице е жртва на клевета, тогаш дефинитивно има право на оштета. Проблемот и причината зошто законите за клевета се толку озогласени меѓу новинарите, е тоа што наметнатите оштети често се многу големи и неразмерни.

Веќе видовме дека казните затвор за кривичната клевета се сметаат за непропорционални за нивното влијание врз слободата на изразување. Исто така, големите казни, без разлика дали во кривичните или граѓанските случаи, имаат цел да го казнат обвинетиот, наместо да ја обесштетат личноста која е жртва на клевета.

Огромните суми кои се доделуваат во случај на клевета, во некои правни системи, доведоа до појава на феноменот „туризам-клевета", при што тужителите ја бараат најпрофитабилната јурисдикција за да ја поднесат нивната тужба.

Секогаш кога е можно, надоместокот за оштета при случај на клевета треба да биде нематеријален и треба да има цел директно да го отстрани она што е направено погрешно при клеветата. Како најочигледен чекор, за поправка на згрешеното може да се објави извинување или корекција на изјавата.

Примената на правен лек може да се смета како дел од „неопходното" од тестот во три дела за ограничување на слободата на изразување. Пропорционално ограничување, што може да се оправда во случај да се докаже клевета, претставува најмалку рестриктивна опција со која се постигнува целта за поправка на оштетената репутација.

---

[29] *A v. Norway*, апликација бр. 28070/06, пресуда од 12 ноември 2009, параграф 64.
[30] *Karako v. Hungary*, апликација бр. 39311/05, пресуда од 28 април 2009.

Паричните оштети, за исплата на штета, треба да се разгледуваат само кога други средства не се доволни за да се поправи направената штета. Надоместокот за направена штета (познат како парична оштета) треба да се базира на докази дека штетата навистина се случила.

# 3. КЛЕВЕТА И ЈАВНА ДЕБАТА

## Критика на јавни функционери и личности

Историски гледано, законите за клевета нуделе поголема заштита за јавните функционери. Во голем дел, тоа се случувало преку поимот „навреда". Критика на политичар или друг вршител на јавна функција се дефинира како „навреда" на самата канцеларија. Во многу земји, ваквата дополнителна заштита на јавните функционери постои и денес.

Постојат и други предности кои ги уживаат јавните функционери. Тие може да имаат пристап до државни фондови, т.е. пари на даночните обврзници, за да финансираат тужба за клевета. Исто така, може да има построги казни за оние кои ќе бидат осудени за клеветење јавен функционер.

Сепак, меѓународната практика решително се движи во спротивна насока. ЕСЧП веќе четвртина век го застапува ставот дека постојат голем број причини зошто јавните функционери треба да уживаат помала заштита од критика од другите:

> **Слободата на медиумите ѝ овозможува на јавноста едно од најдобрите средства за откривање и оформување мислење за идеите и ставовите на политичките лидери. Поопшто, слободата во политичката дебата е една од суштините на концептот за демократско општество... Според тоа, границите на прифатлива критика се пошироки кога станува збор за политичар, наспроти приватно лице. За разлика од вториот, првиот неизбежно и свесно се отвора себеси за непосредна контрола на секој негов збор и дело... и како последица на тоа, тој мора да покаже поголем степен на толеранција.**[31]

Оваа пресуда, од случајот Лингенс од 1986 година, се има повторено во голем број пресуди оттогаш:

- Слободата на политичката дебата е суштинска и неопходна демократска вредност;

---

[31] *Lingens vs. Austria.*

- Границите за критика на политичар мора да бидат поголеми, за разлика од приватно лице;
- Политичарот намерно се става во оваа позиција и затоа мора да биде потолерантен на критика.

Политичарот неминовно и свесно се отвора себеси за непосредна контрола на секој негов збор и дело од страна на новинарите и јавноста, и тој мора да покаже поголем степен на толеранција, особено кога тој самиот дава јавни изјави кои се подложни на критика.[32]

Доктрината дека јавните функционери треба да се соочуваат со повисок праг на докажување обвиненија за клевета оригинално потекнува од Врховниот суд на Соединетите Американски Држави. Во познатиот случај на „Њујорк Тајмс" против Саливан, судот заклучува:

> **Јавните функционери, со цел да поднесат тужба за клевета, мора да докажат дека наводната клевета е невистинита, како и „вистинска злонамерност", т.е. дека обвинетиот објавил невистинитост со знаење дека е лага или со целосно запоставување на неговата вистинитост.**

Одлуката го критикува ставот дека од обвинетите, во случаи на клевета, мора да се бара да ја докажат вистината во нивните изјави за јавните функционери:

> **При такво правило, потенцијални критики на официјално однесување може да бидат застрашувачки за искажување критика, и покрај тоа што се верува дека се вистинити и дури и да се навистина точни, поради сомнежот дали тоа може да се докаже на суд или поради стравот од ситуацијата ако мора да се направи тоа. Тие имаат тенденција да даваат изјави кои се протегаат далеку од незаконската зона. Правилото ја потиснува енергијата и ја ограничува разновидноста во јавната дебата...**[33]

Во подоцнежен случај, Врховниот суд го прошири правилото да важи за сите „јавни функционери", врз основа на тоа дека јавните личности имаат пристап до медиумите за да дејствуваат при лажни изјави.[34]

---

[32] *Oberschlick v. Austria*, пресуда од 23 мај 1991, Серија А бр. 204.
[33] *New York Times v. Sullivan*, 376 US 254 (1964).
[34] *Gertz v. Robert Welch Inc*, 418 US 323 (1974).

## ТОЧКИ ЗА ДИСКУСИЈА

Дали е навистина точно дека сите јавни личности „доброволно се изложуваат себеси" на лажни клевети? Ако вашата избрана професија е актер или дури и познат адвокат, дали тоа значи дека вие се согласувате да бидете цел на критика? Кои се аргументите за и против?

Аргументите во случајот на Саливан, иако очигледно не се обврзувачки преседан во ниедно друго место освен во Соединетите Американски Држави, имаа свое влијание во подоцнежни случаи за клевета, но не само во правните држави, како што се Англија, Индија и Јужна Африка, туку и на Филипините, а и во Европа. Аргументот на американските судови товарот на докажување да биде на тужителот, не е општоприфатен. Но аргументот за поголема граница за критикување на јавните личности е прифатен.

Иако стандардот за „вистинска злонамерност" е малку поинаков, тој е тесно поврзан со стандардот за „разумност" во објавувањето, кој се дискутираше претходно.

ЕСЧП е под влијание на правото за слобода на изразување на САД, иако ретко го следи во целост неговото образложување. Точката каде што има јасна заедничка основа е дополнителната слобода на дејствување при критика не само на јавни функционери или политичари, туку и на владата:

> **Границите за дозволена критика се пошироки кога е насочена кон Владата, за разлика од критика кон приватен граѓанин или дури и политичар. Во демократски систем, делата или пропустите на Владата мора да бидат предмет на непосредна контрола не само од законодавната и судската власт, туку и од медиумите и јавноста. Поради доминантната позиција на Владата, неопходно е да се покаже воздржаност при покренување кривични постапки, особено онаму каде што постојат алтернативни начини за одговарање на неоправданите напади или критики од нејзините противници или од медиумите.**

Иако ЕСЧП го нема преземено овој чекор, неговата позиција е дека „Владата" како ентитет не треба да има можност да поднесе тужба за клевета. Владата е институција, не личност, и поради тоа нема право

на углед. Во случајот *Романенко против Русија*, Европскиот суд вели дека може да има добри причини за тоа како прашање на политика, но сепак пресудата не беше во таа насока.[35]

Во значаен британски случај, Домот на лордовите одлучи:

> **Од највисока општествена важност е демократски избрано владино тело, или, пак, кое било владино тело да биде отворено за јавна критика. Заканата за граѓанска тужба за клевета мора неизбежно да има рестриктивен ефект на слободата на изразување... Она што е опишано како „застрашувачки ефект" предизвикано од заканите за граѓански тужби за клевета е многу важно. Мошне често, фактите кои се доволни за да се докаже дека некоја објава е вистинита се познати, но не постојат прифатливи докази со кои може да се докажат. Со ова може да се спречи објавување некоја информација која е пожелно да биде јавна.**[36]

ЕСЧП ја призна можноста корпоративни тела да тужат за клевета. Во случајот *Јерусалим*, две австриски асоцијации го тужеа советникот на локалната власт за клевета, бидејќи ги опишал како „секта". Меѓутоа, Европскиот суд утврди дека имало повреда на правата на советникот согласно членот 10:

> **Во конкретниот случај, Судот забележува дека IPM и VPM се асоцијации кои се активни во полето од јавен интерес, имено, во фармацевтските политики. Тие учествувале во јавна дискусија за ова прашање и, како што призна Владата, соработувале со политичка партија. Бидејќи асоцијациите беа активни на овој начин во јавниот домен, требаше да покажат повисок степен на толеранција за критикување кога противниците ги разгледуваа нивните цели, како и повисок степен на толеранција за мерките применети во дебатата.**[37]

---

[35] *Romanenko v. Russia*, апликација бр. 11751/03, пресуда од 8 октомври 2009.
[36] Derbyshire County Council v. Times Newspapers Ltd, [1992] 3 All ER 65 (CA), потврдено [1993] 2 WLR 449.
[37] *Jerusalem vs. Austria*, апликација бр. 26958/95, пресуда од 27 февруари 2001.

## ТОЧКИ ЗА ДИСКУСИЈА

Во познатиот случај *МекЛибел (McLibel)*, компанијата за брза храна „Мекдоналдс" тужеше двајца британски активисти за животна средина за клевета, бидејќи делеле лифлет со кој ги критикуваат практиките на компанијата за нејзиното месо. Двајцата активисти немаа правно застапување во поголем дел од времето, бидејќи во случаи на клевета не е достапна бесплатна правна помош, за случај кој прерасна во најдолг таков случај во британската правна историја.

„Мекдоналдс" победи и активистите го однесоа својот случај во ЕСЧП. Европскиот суд одреди дека има прекршување на членот 10 поради недостиг на процедурална праведност и претерана награда за оштета. Немаше „еднаквост на сили" помеѓу страните.[38]

Едно прашање кое треба да се постави е дали на компаниите воопшто треба да им се дозволи да тужат за клевета? Како може „Мекдоналдс" да има „право на углед" на ист начин како и индивидуа? Кои се аргументите за и против?

# Заштита на политички говор

Образложението во случајот *Ерусалим* дава пошироко гледиште кое често може да се најде во одлуките на ЕСЧП донесени врз основа на член 10: важноста на слободата на политичкиот говор. Да се потсетиме на претходната дискусија за тоа дека слободата на изразување е важна не само за индивидуалните права, туку и за социјалните придобивки од слободниот проток на информации.

„Слободата на политичката дебата е во основата на концептот за демократско општество", заклучи Европскиот суд во една од своите значајни пресуди врз основа на член 10.[39] Како што елаборира во една понова пресуда:

> **Судот нагласува дека промоцијата на слободната политичка дебата е многу важна карактеристика на демократското општество. Таа ѝ дава најголемо значење на слободата на изразување во контекстот на политичка дебата и смета дека се потребни многу силни причини**

[38] *Steel and Morris vs. United Kingdom*, апликација бр. 68416/01, пресуда од 15 февруари 2005.

[39] *Lingens vs Austria*.

**за да се оправда ограничување на политичкиот говор. Овозможувајќи широки ограничувања на политичкиот говор во индивидуални случаи, несомнено, ќе влијае врз почитување на слободата на изразување во конкретната држава...**[40]

Овој принцип се смета за толку значаен што може да се најде во пресудите на повисоките судови во Европа, но и насекаде во светот. Уставниот суд на Шпанија ја истакна важноста на слободата на политичко изразување:

**Членот 20 од Уставот [за слобода на изразување]... гарантира одржување слободна политичка комуникација, без која другите права гарантирани со Уставот нема да имаат содржина, нивните институции ќе бидат сведени на празни полици и принципот на демократски легитимитет... кој е основа на секој правен и политички поредок, ќе биде целосно лажен.**[41]

Вистинската демократија може навистина да напредува само во една слободна клириншка куќа од различни идеологии и филозофии (политички, економски и општествени) и каде што печатот ќе има важна улога. Денот кога ќе се затвори оваа клириншка куќа ќе биде крајот на демократијата.[42]

Слободата на говор и изразување не се состои само од слободата граѓанинот да го зборува и да го пишува она што тој ќе го избере, туку и од слободата јавноста да го слуша и да го чита она што ѝ е потребно... Основната претпоставка во едно демократско државно уредување е дека владата ќе се заснова на согласноста на владеаните. Оваа согласност на владеаните подразбира дека согласноста ќе биде слободна, но и дека ќе биде заснована на соодветна информација и дискусија потпомогната од најширока можна дисеминација на информации од разни критички извори...

... Мора да има неограничено објавување вести, ставови и мислења на политички партии кои се критички кон работата на владата и кои

---

[40] *Feldek vs. Slovakia*, апликација бр. 29032/95, пресуда од 12 јули 2001.

[41] *Voz de España* case, STC of June 81, *Boletín de Jurisprudencia Constitucional* 2, 128, параграф 3.

[42] Bombay High Court, *Binod Rao v. M R Masani* (1976) 78 Bom. LR 125.

ги изложуваат нејзините слабости. Владата мора да биде спречена во преземањето старателство врз јавното мислење.[43]

## Привилегии за членовите на парламентот и известување за изјави дадени во парламентот

Речиси сите правни системи го опфаќаат концептот на привилегија за изјавите дадени во законодавниот дом и вообичаено во други слични тела (како што се регионалните парламенти или советите на локалната самоуправа). Целта за ова е, секако, да се заштити слободата на политичката дебата.

Оваа привилегија го опфаќа и известувањето за она што ќе се каже во парламентот (или во другите тела опфатени со истата привилегија). Оттука, како општ принцип, член на парламентот не може да биде одговорен за клевета дадена во парламентот, но, исто така, ни новинарот кој известил за изјавата.

Генерално, ЕСЧП е со многу цврст став за запазување на принципите на парламентарните привилегии во случаи на клевета. Во еден случај од Велика Британија, член на парламентот кажал серија повторувачки изјави кои биле крајно критички кон еден од своите колеги. Пратеникот јавно ги кажал името и адресата на живеење на колешката-пратеник, поради што таа започнала да добива писма со омраза, но и екстремно критичко известување од страна на медиумите. Европскиот суд одби да признае дека нејзините права од ставот 1 на член 6, право на граѓанска тужба со пресуда од судија, се прекршени, бидејќи заштитата на парламентарната привилегија е „неопходност во едно демократско општество".[44]

> **Земајќи го предвид напишаното погоре, Судот верува дека правилото за парламентарен имунитет, кое е во согласност со, и ги рефлектира општоприфатените правила на земјите-потписнички, Советот на Европа и Европската унија, не може да се однесува на наметнување непропорционално ограничување на правото на пристап до суд, како што е отелотворено во членот 6...**[45]

[43] *M Joseph Perera & Ors v. Attorney-General*, апликација бр. 107-109/86, (SC), пресуда од 25 мај 1987.
[44] *A vs. United Kingdom*, апликација бр. 35373/97, пресуда од 17 декември 2002.
[45] Исто, параграф 83.

Во случајот *Јерусалим* од Австрија, Европскиот суд веруваше дека кандидатот има привилегии, иако наводните клевети беа дадени за време на состанок на Советот на општината Виена, а не во парламентот. Оваа одлука беше оправдана под овие услови:

> **Во оваа смисла, Судот потсетува дека иако слободата на изразување е важна за секого, таа е особено значајна за секој избран претставник од народот. Тој или таа го претставуваат електоратот, привлекуваат внимание кон нивните потреби и ги бранат нивните интереси. Соодветно на тоа, мешањето во слободата на изразување на опозициски член на парламентот, како на тужителот, повикува на остро набљудување од страна на Судот...**[46]

# Приватност на јавните функционери

Приватноста на јавните функционери понекогаш се користи како причина за да се ограничи известувањето од медиумите. Се разбира, ова е сосема различно од угледот, но понекогаш, во практиката, може да биде испреплетено.

Приватноста е експлицитно заштитена со членот 8 од ЕКЧП и затоа влегува под „права и приватност на другите".

Како што видовме, ЕСЧП често потенцира дека јавните функционери мора да бидат предмет на поголема критика од другите. Ние, исто така, го поставивме прашањето што претставува јавен функционер? Овој термин, секако, би ги вклучувал политичарите, но дали ќе ги вклучува, да речеме, членовите на семејствата на политичарите? Или други лица, кои се во приватни врски со политичарите (на пример, во случај на вонбрачна афера)?

ЕСЧП прифати еден случај на австриски весник, во кој весникот бил казнет за прекршување на приватноста на еден политичар. Весникот објавил фотографија од политичарот во еден напис во кој се вели дека некои од неговите приходи биле стекнати нелегално. Националниот суд пресудил дека иако тој е член на парламентот, не ѝ бил доволно познат на јавноста. Весникот го прекршил неговото право на приватност преку објавување на неговата фотографија *придружена со критички тврдења*.

---

[46] *Jerusalem vs. Austria*, параграф 36.

Не е изненадувачки тоа што земајќи ги предвид претходните судски одлуки, Европскиот суд утврди дека се прекршени правата на весникот од членот 10.[47]

## Навреда на институции

Не е изненадувачки тоа што земајќи ги предвид претходните судски одлуки, Европскиот суд утврди дека се прекршени правата на весникот од членот 10.[47] Принципот на заштита на политичкиот говор е добро поставен и на европско ниво и во многу национални јурисдикции. Интересно е да се размисли дали треба да продолжи да коегзистира со можноста да се посрамотат или да се навредат управи, институции, па дури и симболи.

Дали претседателот на Франција треба да се гледа како политичар (и со тоа да се бара да биде потолерантен на критики од обичен човек)? Или, дали тој е национален симбол или институција (и, оттука, заслужува поголема заштита)? Законот за медиуми на Франција од 1881 година овозможува заштита на претседателството како симбол.

Во 2008 година, францускиот земјоделец и политички активист, Ерве Еон, држеше мал плакат додека се приближуваа група луѓе во која беше и претседателот Никола Саркози. На плакатот пишувало: „Casse-toi pauv' con" („Губи се, ти тажен никаквецу"). Овие зборови претходно му биле кажани на земјоделец од страна на Саркози кој одбил да се ракува со него.

Еон беше обвинет согласно членот 26 од законот од 1881 година. Под ова обвинение, нема можност да се покаже вистината (за разлика од обичен случај на клевета). Од друга страна, неопходно е да се утврди *кривичната намера* на делото, а тоа е дека обвинетиот постапил со лоша намера. По неуспешни обиди за жалба во националните судови, случајот се префрли во Европскиот суд за човекови права.

ЕСЧП пресуди во полза на Еон. Тој заклучи дека „повторувањето на фразата, која претходно била кажана од страна на Претседателот, не може да се каже дека било насочено кон приватниот живот или честа на последниот или дека била изнесена само како личен напад против

[47] *Krone Verlag GmbH & Co. KG vs. Austria*, апликација бр. 35373/97, пресуда од 26 февруари 2002.

него... намерите на обвинетиот биле од политичка природа со цел да го израмни нивото на јавна критика на врвот на државата“.[48]

> **Судот смета дека кривичните санкции за однесување, како што е она на жалителот во конкретниот случај, може да имаат застрашувачки ефект врз сатиричните форми на изразување поврзани со актуелни прашања. Такви форми на изразување сами по себе можат да играат важна улога во отворените дискусии за работи од јавен интерес, што е неопходна карактеристика на едно демократско општество...**[49]

За жал, ЕСЧП во случајот на Еон не отиде толку далеку како што направи во претходниот француски случај *Коломбани*. Во вториот, прашањето беше за делот од законот за медиуми каде што се дефинира кривична навреда на странски шеф на држава. Новинар од весникот *Ле монд* беше обвинет дека го навредил кралот на Монако во една статија за трговијата со дрога во таа земја, која беше напишана врз основа на официјален извештај.

Француските судови беа многу критички во однос на фактот дека написот во *Ле монд* едноставно ја репродуцирал содржината од официјалниот извештај на кој е базиран, без да се обиде да ја потврди вистинитоста на тврдењата. ЕСЧП наведе дека ова е неразумно. Медиумот има право да ги смета како веродостојни таквите документи и да не биде задолжен да го проверува секое тврдење.

Европскиот суд заклучи дека кривичното дело навреда на странски лидери:

> **...дава посебен правен статус на шефовите на држави, штитејќи ги од критика исклучиво врз основа на нивната функција или нивниот статус, без оглед на тоа дали критиката е оправдана. Тоа се сведува на пренесување на посебната привилегија на странските шефови на држави, која не соодветствува со модерните практики и политички концепции. Без разлика на очигледните интереси што секоја држава ги има во одржувањето пријателски односи базирани на доверба со лидерите на**

---

[48] Eon vs. France, параграф 57-58.

[49] Исто, параграфи 60-61.

> **други земји, таквата привилегија ја надминува целта за која е наменета.**[50]

Во делумно спротивставена пресуда во случајот *Еон*, судијата Повер-Форде од Ирска тврдеше дека треба да се применуваат слични образложенија. Европскиот суд не се осврна на случајот *Коломбани*, бидејќи тој опфаќаше слобода на медиумите, додека случајот *Еон* не опфаќаше слобода на медиумите. Но, судијата Повер-Форде тврдеше дека идентични принципи се применети во застарените и неоправдани заштити на шефовите на државата од жестоки критики.[51]

Во друг случај за навреда на шеф на држава, ЕСЧП беше многу строг во одлуката дека државата го има нарушено членот 10. Тоа е случајот *Отеги Модрагон* од Шпанија, каде шефот на државата, монархот, не е политичар, но игра важна уставна неутрална улога.

Во овој случај, Мондрагон, политичар од баскиска сепаратистичка група, бил обвинет за навреда на кралот Хуан Карлос, кој тој го идентификувал како шеф на државата кој ги измачувал баскиските националисти и им давал имунитет на мачителите. Иако тој беше ослободен од страна на баскискиот суд, повисок суд го осуди на една година затвор и му го одзеде правото повторно да се кандидира на избори.

ЕСЧП, во строго формулирана пресуда, ги повтори своите ставови од еден претходен турски случај (*Пакдемирли*)[52] и пресуди во корист на Отеги Мондрагон:

> **...Судот смета дека кралот, кој се наоѓа во неутрала позиција во политичката дебата, во позиција на судија и симбол на единство на државата, не треба да се заштити од секаква критика при извршувањето на неговите официјални функции, или – како што е случај овде – како претставник на државата, особено од страна на оние кои легитимно ги оспоруваат уставните структури на оваа држава, вклучувајќи го и монархистичкиот режим... фактот дека според Уставот на Шпанија, кралот не „сноси**

---

[50] *Colombani vs. France*, апликација бр. 51279/99, пресуда од 25 јуни 2002, параграфи 66-68.

[51] *Eon vs. France*, Judge Power-Forde, делумно издвоено мислење.

[52] *Pakdemirli vs. Turkey*, апликација бр. 35839/97, пресуда од 22 февруари 2005.

> **одговорност", особено во кривичното право, не треба да претставува пречка за да се води слободна дебата за неговата евентуална институционална или симболична одговорност, на чело на државата, во границите на почитување на неговиот углед како личност.**[53]

## Медиумите како „кучиња-чувари"

Во пресуда од пред 20 години, ЕСЧП зазеде став со кој заштитата на политичкиот говор ја однесе еден чекор понапред.

Случајот беше за ирски писател чие име е Торгеис Торгеисон, кој во медиум објавил напис за полициска бруталност кон осомничени лица. Тој бил осуден од националните судови под обвинение за клевета на полициските служби Рејкјавик. Кога случајот дојде во Европскиот суд, адвокатот на исландската влада тврдел, меѓу другото, дека овој случај е различен од претходни случаи на ЕСЧП (како, на пример, *Лингенс)*, бидејќи не наметнува политички говор, кој Европскиот суд го третира за посебно заштитен.

Европскиот суд не беше убеден од овој аргумент и ја искористи својата пресуда за да создаде нова доктрина, која е користена во голем број последователни случаи. Таа зборува за важноста на улогата на медиумите на „кучиња-чувари" за прашања од интерес – не само од политиката, туку и други прашања од интерес на јавноста, како оние од написот на Торгеирсон:

> **Иако печатот не смее да ги пречекори границите, меѓу другото, за „заштита на угледот на... другите", сепак има обврска да дава информации и идеи за прашања од јавен интерес. Не само што ја има задачата да дава такви информации и идеи, јавноста го има правото да ги прима. Во секој друг случај, печатот нема да биде во можност да ја игра својата клучна улога на „куче-чувар"...**[54]

Во друг случај, речиси истовремен со *Торгеирсон*, Европскиот суд беше натеран да суди за случај кој вклучува експозе од медиум за наводна суровост при ловот на фоки во Норвешка. Извештајот,

---

[53] *Otegi Mondragon vs. Spain*, апликација бр. 2034/07, пресуда од 15 март 2011, параграф 56.

[54] *Thorgeirson vs. Iceland*, параграф 63.

во весникот *Бладет Тромсо*, се потпирал на необјавен официјален извештај, напишан од страна на новинарот *Од Линдберг*. Весникот и неговите уредници беа тужени за клевета од страна на членовите на екипажот одговорен за лов на фоки, чии практики беа опишани во извештајот на Линдберг. Европскиот суд донесе многу сличен заклучок како во својата пресуда за *Торгеирсон*:

> **Имајќи ги предвид различните фактори кои ги ограничуваат можните штети на угледот на ловците на фоки, како и ситуацијата која е претставена во *Бладет Тромсо* во релевантниот период, Судот смета дека весникот можел разумно да се потпре на официјалниот извештај на Линдберг, без да мора да спроведува свое истражување за откривање на вистинитоста на изнесените факти. Не гледаме основа за сомнеж дека весникот дејствувал со добра волја.**[55]

За објавувањето на информациите кои се сметаа за штетни по угледот на некои од членовите на екипажот, пресудата на Европскиот се потпираше целосно на одговорот на прашањето (како што е вообичаено во вакви случаи) дали ограничувањето на слободата на изразување настаната поради случајот на клевета е „неопходно во демократско општество". Притоа, го зеде предвид огромниот јавен интерес на случајот, но сепак не значи дека беше наклонет кон уредувачките политики на *Бладет Тромсо*:

> **Судот мора да води сметка за целосната заднина наспроти која изјавите во прашање биле дадени. Оттука, содржината на оспорените текстови не може да се согледува изолирано од контроверзијата на ловот на фоки во тој период во Норвешка и во Тромсо, норвешкиот центар за трговија. Понатаму, треба да се земе предвид дека членот 10 не се применува само на информации и идеи кои се поволно примени или кои се сметаат за ненавредливи или кои предизвикуваат рамнодушност, туку, исто така, и на оние кои ја навредуваат, ја шокираат или ја вознемируваат државата или кој било дел од населението...**[56]

---

[55] *Bladet Tromso and Stensaas vs. Norway*, апликација бр. 21980/93, пресуда од 20 мај 1999.

[56] Исто, параграф 62.

> **Се чини дека силата на оспорените текстови не била примарно во тоа да обвини одредени лица за сторени прекршоци против правилата за лов на фоки, или за суровост кон животните... Оспорените текстови биле дел од тековната дебата што е од очигледно значење за локалната, националната и меѓународната јавност, во која било известувано за ставовите на поширок избор од заинтересираните учесници.**[57]
>
> **Што се однесува до фактите во конкретниот случај, Судот не може да установи дека неспорниот интерес на членовите на екипажот за заштита на сопствениот углед е доволен да премине над виталниот јавен интерес во осигурувањето информирана јавна дебата за прашање од локален и национален, како и меѓународен интерес.**[58]

Една од главните точки на интерес во овој конкретен случај, сепак, е дека мал број од клупата на Европскиот суд не се согласуваше целосно со одлуката на судот. Спротивставената пресуда тврдеше дека одлуката праќа лоша порака за европските медиуми со која се охрабруваат да ги занемарат основните етички принципи на професијата.

## ТОЧКИ ЗА ДИСКУСИЈА:

Што е јавен интерес? Во што се разликува од интересите на јавноста? Како би составиле вие аргумент кој се повикува на „јавен интерес“ за одбрана на приказна, на пример, за скандал во приватен живот на политичар?

# Религиозна клевета

Многу европски држави имаат закони со кои се забранува клеветење на религиите, додека во обичното право постои кривично дело за богохулни клевети.

Поради доктрината на „маргината на процена“, ЕСЧП често пресудува против државите за прашања на богохулење и клевета на

---

[57] Исто, параграф 63.

[58] Исто, параграф 73.

религија. Бидејќи ова прашање спаѓа во областа на „јавен морал“, Европскиот суд често одбива да се меша во одлуките донесени на национално ниво:

> **Отсуството на единствен европски концепт за барањата за заштита на правата на другите во однос на напади на нивните верски убедувања ја зголеми маргината на процена на земјата-членка за уредување на слободата на изразување за прашања со кои може да се навредат интимните лични убедувања во рамките на моралот и религијата...**[59]

Европскиот суд за човекови права применува доктрина за „маргината на процена“. Таа се однесува на флексибилноста достапна на секоја држава при примена на Европската конвенција за човекови права. Во случаи на политички говор, на пример, маргината ќе биде многу мала бидејќи ова се смета како заедничка вредност од големо значење. Маргината ќе биде значително поголема во случаи на „јавен морал“, бидејќи ова е област на поголеми културни разлики меѓу европските земји.

Во поновите случаи, Европскиот суд не сака да донесе одлука дека религиите се клеветени. Во еден француски случај, во кој авторот објави напис со кој критички се разгледува доктрината на Римокатоличката црква и ја поврзува со антисемитизам и со холокаустот, Европскиот суд утврди дека пресуда за клеветење религија го прекршува членот 10. И покрај тоа што повика на доктрината на „маргина на процена“, Европскиот суд сепак ја истакна важноста на слободната примена на членот 10 на прашања од општ јавен интерес (од кои, несомнено, холокаустот е едно):

> **Со оглед на штетните ефекти на конкретната доктрина, наведениот напис придонесе за дискусија за различните можни причини за искоренување на Евреите во Европа, прашање од неспорен јавен интерес за едно демократско општество. Во такви случаи, ограничувањето на слободата на изразување треба конкретно да се образложи. Иако прашањето покренато во овој случај се однесува на доктрина потврдена од страна на Католичката црква, а**

---

[59] *Giniewski vs. France*, апликација бр. 64016/00, пресуда од 31 јануари 2006, параграф 44.

> **е од верски карактер, анализата на конкретниот напис покажува дека не содржи напад и на религиска основа, туку содржи гледишта кои авторот сака да ги искаже како новинар и историчар. Во врска со тоа, Судот смета дека од суштинско значење за едно демократско општество е дебатите за причини за злосторства врз општеството да се овозможи да се одвиваат слободно...**[60]

Во случај од Словачка, автор објавил напис во кој се критикува врвот на Римокатоличката црква, бидејќи повикал на забрана на филмски постер, а подоцна и на самиот филм, поради морални причини. Тој беше осуден за кривично дело „клевета на нација, раса и вера", врз основа на тоа дека со критиката на врвот на црквата, ја клеветел и самата религија. ЕСЧП го одби ова расудување и утврди повреда на член 10:

> **Силно-фомулираното погрдно мислење на жалителот било искажано исклучиво за висок претставник на Католичката црква во Словачка. Спротивно на наодите на домашните судови, Судот не е убеден дека со неговите изјави жалителот дискредитирал и понижил дел од населението за сметка на нивната католичка вера.**
>
> **[...] Фактот што некои членови на Католичката црква можеби биле навредени од критиката на жалителот за архиепископот и од неговата изјава дека тој не разбира зошто пристојните католици не ја напуштат таа црква бидејќи е водена од архиепископот Ј. Сокол, не може да се одрази врз позицијата. Судот го прифаќа аргументот на жалителот дека статијата ниту неоправдано го попречила правото на верниците да ја изразуваат и да ја практикуваат својата религија, ниту, пак, ја наклеветила содржината на нивното религиозно верување...**[61]

Овие неодамнешни случаи се во спротивност со претходни одлуки на ЕСЧП. Во еден австриски случај, Европскиот суд одби да пресуди дека запленувањето филм, кое се сметало дека е навредувачко за католиците, е нарушување на членот 10. Во остварување на правото на слобода на изразување, луѓето имаа

---

[60] Исто, параграф 51.

[61] *Klein vs. Slovakia*, апликација бр. 72208/01, пресуда од 31 октомври 2006, параграфи 51-52.

**обврска да избегнуваат колку што е можно повеќе изрази кои се неоправдано навредливи за другите, и на тој начин ги повредуваат нивните права, и кои не придонесуваат за никаква форма на јавна дебата што може да го унапреди напредокот на човековите права. Од ова, како прашање на принцип, во одредени демократски општества може да се смета како неопходност да се санкционираат или дури и да се спречат несоодветни напади врз религиски објекти, осигурувајќи се дека секоја наметната „формалност", „услов", „ограничување" или „казна" ќе биде пропорционална со легитимната цел.**[62]

Европскиот суд донесе сличен заклучок во еден британски случај за краток филм со еротска содржина, кој беше забранет бидејќи дека може да биде основа за кривично дело за богохулство.[63]

---

[62] *Otto-Preminger-Institut vs. Austria*, апликација бр. 13470/87, пресуда од 20 септември 1994, параграф 49.

[63] *Wingrove vs. United Kingdom*, апликација бр. 17419/90, пресуда од 25 ноември 1996.

# 4. ВИДОВИ КЛЕВЕТНИЧКИ МАТЕРИЈАЛИ

## Мислење наспроти факти

Разговаравме дека одбраната на вистината треба да биде безусловна во случаи на клевета. Под ова се подразбира: ако јас напишам дека министерот проневерил негови трошоци, тогаш не може да станува збор за клевета доколку ова може да се докаже дека е вистина.

Но, што ако моите наводни клевети не се факти кои може да бидат докажани или откриени, туку станува збор за мислење? Што ако јас го наречам министерот „тажен никаквец" (земено како случаен пример)?

Во тој случај нема сигурно да се врти околу докажување на тоа дали тужителот е „тажен никаквец" или не. Тој ќе тврди дека јас сум бил неоправдано навредлив. Доколку случајот некогаш дојде до Европскиот суд за човекови права, голема е веројатноста дека ќе биде поддржана мојата слобода на изразување, а не неговото право на углед. (Европскиот суд веројатно ќе заклучи дека, како политичар, тој треба да биде потолерантен на такви навреди. И ако, како во случајот на Саркози, тоа е фраза која тој самиот ја искористил, судиите може, на нивниот воздржан начин, да му кажат на министерот да го прифати хуморот.)

ЕСПЧ има долго воспоставена доктрина за разграничување помеѓу фактите и вредносните судови:

> **мора да биде направено внимателно разграничување помеѓу факти и вредносни оцени. Постоењето на фактите може да биде демонстрирано, додека, пак, вистинитоста на вредносните оцени не е подложна на докажување... Во однос на вредносните оцени, овој предуслов е невозможно да се исполни и самиот по себе ја повредува слободата на мислење...**[64]

Ова дополнително беше образложено во случајот *Торгеирсон*, кој веќе го спомнавме. Торгеирсон, ирскиот новинар кој пишуваше за полициската бруталност, немаше самиот документирано такви

[64] *Lingens vs. Austria*, параграф 46.

случаи, туку коментираше врз база на туѓи докази за полициска бруталност. Иако некои од доказите кои ги користел Торгеирсон за неговиот аргумент се покажале како невистинити, дел од нив биле вистинити. Фактот дека темата е прашање од значителен јавен интерес, го олеснува товарот за воспоставување врска помеѓу неговиот вредносен суд и основните факти.

Значи, ако јас го наречам министерот „корумпиран", дали тоа ќе биде клевета? Еден очигледен пристап за мене е да докажам дека ова е фактички точно (измама на негови трошоци). Но, ако постојат други докази за неговата измама, можам да тврдам дека моето мислење за тоа дека тој е корумпиран е вредносен суд со фактичка основа, без да имам потреба да ја докажам точноста.

# Хумор

Кога Ерве Еон го дизајнирал неговиот навредлив плакат, целта на неговата содржина не била неоправдана навреда за францускиот претседател. Тоа било повторување на зборовите што ги искористил самиот Саркози. Бидејќи зборовите ѝ биле општопознати на јавноста, нивното повторување било хумористично. Претседателот Саркози очигледно не ја сфатил шегата, а ниту, пак, француските судови. Но, Европскиот суд ја сфати во оваа пригода.

Изненадувачки е колку често јавните личности го губат чувството за хумор. Напис во австралиски весник избра сатиричен пристап за националниот гнев околу повредата на нивниот шампион, скијачот Херман Маер, кој ја скршил ногата во сообраќајна несреќа. Единствен исклучок, според овој напис, бил неговиот пријател и ривал Стефан Еберхартер, чија реакција била: „Одлично, сега конечно јас ќе победам во нешто. Се надевам дека скапаното куче ќе се сопне на неговите патерици и ќе ја скрши и другата нога".[65]

Потоа следуваа серија неверојатни случувања:

- Единствен во цела Австрија, Еберхартер, не разбра дека станува збор за шега.
- Еберхартер отиде кај адвокат, кој не му кажа да си оди дома и да си го живее животот.

[65] *Nikowitz vs. Austria*, апликација бр. 5266/03, пресуда од 22 февруари 2007, параграф 6.

- Адвокатот го однесе случајот на суд, при што Еберхартер го доби случајот против весникот.
- Апелациониот суд на Виена ја потврди пресудата.

Пресудата на ЕСЧП е една од најкратките. Заклучокот може да се сумира како „Тоа е шега!“:

> **Написот, како што е евидентно од неговиот наслов и од неговиот придружен текст на фотографијата на господинот Маер, бил напишан во ироничен и сатиричен стил и бил наменет да даде хумористичен коментар. Сепак, тој се обидува да даде критички придонес за прашањето од општ интерес, имено, за односот на општеството кон спортска ѕвезда. Судот не е убеден во причините на домашните судови и владата дека просечните читатели нема да бидат во можност да го сфатат сатиричниот карактер на текстот и особено хумористичниот елемент во оспорените пасуси за она што Еберхартер би можел да го изјави, а всушност не го изјавил.**[66]

Европскиот суд ги додели сите побарани оштети и трошоци.

Ова не беше ниту прв, ниту последен пат тужителот, во случај на клевета, да го поткопа својот углед.

ЕСЧП ја одржува конзистентната позиција во дозволување поголема слобода на дејствување за хумористични и сатирични коментари. Во случајот на *Клеин*, дискутиран претходно во контекст на религиска клевета, фактот дека написот кој го критикувал Римокатоличкиот архиепископ и кој бил означен како интелектуална шега значително одел во полза на новинарот.

Меѓутоа, самиот факт дека наводната клевета е објавена во сатирично списание, нема да биде доволно за заштита од тужба. Во еден романски случај, политичарот чие име е Петрина успешно се обратил до ЕСЧП, тврдејќи дека неговите права од членот 8 се нарушени со лажни обвинувања дека тој бил поранешен член на озогласената комунистичка тајна полиција *Секуритате*. Фактот дека написот бил објавен во сатиричен магазин не бил важен.

---

[66] Исто, параграф 25.

Пораката на написот била „јасна и директна, ослободена од какви било ironични или хумористични елементи“.[67]

Општоприфатената слобода за хуморот и сатирата важи и за другите форми на креативно пишување. Во два турски случаи, *Каратас* и *Алинак*, Европскиот суд утврди дека материјалот, кој во други околности би се гледал како основа за ограничување на слободата на изразување (во овие случаи поттикнување насилство), треба да се дозволи заради неговиот уметнички контекст. Во случај на наводен напад на углед, Европскиот суд беше подготвен да биде потолерантен на уметничкото творештво:

> **Судот установува дека таквото портретирање довело до карикатура на засегнатите лица со употреба на сатирични елементи. Забележува дека сатирата е форма на уметничко изразување и општествен коментар, а со своите инхерентни карактеристики на претерување и изобличување на реалноста, природно цели кон тоа да провоцира и да агитира. Според тоа, секое попречување на правото на уметникот на такво изразување мора да се испита со особена грижа.**[68]

Сепак, оваа слобода на дејствување не е без граници. Во случајот *Линдон, Очаковски-Лоренс и Жули*, Европскиот суд утврди дека роман, кој се базира на измислена верзија од екстремно десничарскиот лидер Жан-Мари Ле Пен, е клеветнички, иако оваа пресуда од 2007 година на Големиот судски совет предизвика жестоки осуди, обвинувајќи го мнозинството дека отстапувало од претходни пресуди на Европскиот суд.[69]

## Туѓи изјави

Колку е еден новинар одговорен за (можните клеветнички) работи кои ќе ги каже некој друг? Повеќето новинари трошат голем дел од нивното време во известување туѓи зборови или ако станува збор за радиодифузерите давајќи им платформа на другите да зборуваат преку интервјуа и дискусии.

---

[67] „[C]lair et direct, dépourvu de tout élément ironique ou humoristique.“ *Petrina vs. Romania*, апликација бр. 78060/01, пресуда од 14 октомври 2008, параграф 44.

[68] *Vereinigung Bildender Künstler vs. Austria*, апликација бр. 68354/01, пресуда од 25 јануари 2007, параграф 33.

[69] *Lindon, Otchakovsky-Laurens and July vs. France*, апликација бр. 21279/02 и 36448/02, пресуда од 22 октомври 2007.

Европскиот суд за човекови права има разгледано неколку случаи за кои националните судови ги осудиле новинарите за изјави дадени од страна на друга личност. Ова е доказ дека многу национални јурисдикции се уште имаат тенденција да ги третираат новинарите како одговорни за известување на туѓите зборови. Меѓутоа, расудувањето на ЕСЧП дава поголема причина за надеж.

Најславниот случај од овој тип не вклучува клевета. Јершилд бил дански новинар кој направил телевизиски документарец за неонацистичка група од млади лица. Во текот на филмот, поданиците дале низа екстремни и навредливи расистички изјави. По поплаки од јавноста, Јершилд и учесниците во документарецот беа прогонувани и осудени под надлежност на законите за расна омраза.

Во разгледување на случајот, ЕСЧП даде коментар, кој често го повторува, дека судовите немаат никаква улога во одредувањето како новинарите ја работат својата работа:

> **начинот на објективно и урамнотежено известување може значително да варира, меѓу другото, зависно од тоа за кој медиум се работи. Не е работа на овој Суд, ниту на националните судови да ги заменат нивните улоги со оние на печатот во однос на тоа која техника на известувањето ќе ја усвојат новинарите.**[70]

Прикажаните ставови не ги отсликувале оние на Јершилд, но биле јасно претставени како дел од сериозна јавна дискусија за проблемот со расизмот:

> **Земено во целина, претставувањето не можело објективно да изгледа како за своја цел да има пропаганда на расистички погледи и идеи. Напротив, судот сметал дека се настојувало, по пат на интервју, да се изложи, да се анализира и да се објасни оваа посебна група младинци, ограничени и фрустрирани од нивната социјална ситуација, со кривични досиеја и насилни ставови, кои на тој начин се справувале со специфичните аспекти на работата што веќе тогаш била од интерес.**[71]

---

[70] *Jersild vs. Denmark*, апликација бр. 15890/89, пресуда од 23 септември 1994, параграф 31.

[71] Исто, параграф 33.

Оттука:

> **Казнувањето еден новинар за помагање при ширењето искази дадени од друго лице во интервју сериозно би го попречило придонесот на печатот во дискусиите за работи од јавен интерес и не треба да се предочи, освен ако постојат особено силни причини да се стори тоа.**[72]

Во еден неодамнешен случај, грчкиот радиодифузер Никитас Лионоракис беше осуден за клевета и му беше наредено да ѝ плати оштета на личноста која беше навредена од страна на гостин во студиото кој беше интервјуиран во живо на радиоемитување. Европскиот суд откри неколку основи по кои му се прекршени правата од членот 10 на Лионоракис, ставајќи посебен акцент на недостигот на одговорност на оној што врши интервју за коментарите на интервјуираното лице во емисија во живо. Исто така, Европскиот суд повтори точка која може да се најде во голем број пресуди за медиумски случаи:

> **Барањето новинарите самите да се дистанцираат системски и формално од содржината на изјавата која може да клевети или да му наштети на трето лице е нескладно со улогата на печатот за обезбедување информации за тековни настани, мислења и идеи.**[73]

Со други зборови, треба да се земе предвид дека новинарот не е автоматски поврзан со мислењата дадени од страна на други и е непотребно да се повторува ова за секое известено мислење или факт.[74]

---

[72] Исто, параграф 35.

[73] *Lionarakis vs. Greece*, апликација бр. 1131/05, пресуда од 5 јули 2007.

[74] See also *Filatenko vs. Russia*, апликација бр. 73219/01, пресуда од 6 декември 2007.

# 5. СЛУЧАИ НА КЛЕВЕТА ВО СУД

## Одбрана во тужби за клевета

Од она што веќе го кажавме, јасно е дека постојат неколку различни одбрани во случаи на тужба за клевета:

***Вистината:*** ЕСЧП смета дека вистината е апсолутна одбрана во тужби за клевета. Односно, ако нешто е вистина, тоа не може да биде клевета.

***Разумна објава:*** Правото на Европскиот суд поразбира концепт дека ако објавата е *разумна*, тогаш може да биде оправдана дури и ако не е целосно точна. Следуваат неколку елементи со кои би можела да се дефинира „разумноста":

- Новинарот има направено доволно напори за да ја докаже вистинитоста на изјавата или верува дека е вистинита.
- Клеветничките информации биле објавени во официјален извештај, со што не се бара од новинарот да ја провери точноста на сите изјави во извештајот.
- Опфатената тема е прашање од јавен интерес.

***Мислење:*** Изјавата се состои од исказ на мислење, а не од изјава базирана на факти. Може да има некои очекувања дека изјавата има разумна фактичка основа, но не постои услов за да се докаже.

***Сатира:*** Изјавата не била наменета да биде сериозна и ниедна разумна личност не би ја разбрала како таква.

***Апсолутна привилегија:*** Ако клеветничката изјава е земена од парламентот или од судски постапки, таа би била апсолутна привилегија. Тоа би значело дека ниту оригиналниот автор ниту новинарот, кој известува, не може да бидат обвинети за клевета. Исто така, ова правило може да се примени и на други законодавни тела и други квазисудски институции (како што се истражувањата за човекови права).

***Квалификувана привилегија:*** ЕСЧП покажа дека постои степен на заштита на медиумското известување на други типови изјави, дури и ако тие не ги уживаат привилегиите на парламентот или судовите. Ти

може да бидат применети, на пример, за јавни состаноци, документи или други материјали од јавниот домен.

***Туѓи изјави:*** Новинарите не може да бидат одговорни за туѓи изјави доколку тие самите не ги имаат поддржано. Ова би се однесувало, на пример, во случај на интервју во живо.

## Чиј е товарот на докажување?

Ако јас те тужам тебе, тогаш јас ќе мора да го докажам мојот случај против тебе доколку сакам да победам. Нели?

Па, не. Во случај на клевета, овој општ принцип обично е неточен. Во многу (но не сите) правни системи, товарот на докажување не е на тужителот, лицето кое вели дека е клеветено, туку на обвинетиот. Во кој било друг граѓански случај, ако се бара надоместок за наводен прекршок, докажувањето автоматски ќе биде одговорност на лицето кое било оштетено и ќе треба да докаже дека:

- Обвинетиот го извршил дејствието (направена клевета во овој случај).
- Делото му има наштетено на тужителот (го има оштетено неговиот/нејзиниот углед).

Но, во случаи на клевета, овој товар е обратен за втората точка. Ако тужителот може да покаже дека *обвинетиот* ја дал изјавата, што вообичаено е прилично едноставно, тогаш станува прашање на обвинетиот да покаже дека изјавата е вистинита и затоа не е клевета.

Исклучок од ова правило се Соединетите Американски Држави. Во славниот случај на *Њујорк Тајмс* против Саливан, веќе дискутиран овде, американскиот Врховен суд ја поправи неправилноста во товарот на докажување во случаи на клевета покренати од јавни функционери. Во подоцнежен случај, ова ново правило е проширено да ги опфаќа сите јавни личности.

Се разбира, ова ново правило не ги ослободува новинарите од одговорноста да известуваат точно, за овие прашања се уште може да се дискутира во суд, но им дозволува да бидат похрабри со цел да истражуваат прашања од јавен интерес.

За ова прашање, разликата помеѓу американските и европските закони за клевета е фрапантна. Додека јурисдикциите на европското право (Велика Британија, Ирска, Малта и Кипар) ја следат нормалната традиција на англискиот закон, јурисдикциите на граѓанското право го изведуваат својот пристап од римското право, кое има малку поинаков пристап, иако има сличен ефект. Принципот на римското право е во тоа што товарот треба да биде на страната која може да го докаже потврдното. Ова произлегува од тешкотијата да се докаже негативното. Во случај на постапка за клевета, ова би значело дека обврската за докажување дали изјавата е вистината ќе биде на обвинетиот.

Дискутирајте, што мислите вие? Дали товарот на докажување во случаи на клевета треба да биде обратен?

Европскиот суд за човекови права не ги прифаќа целосно аргументите за да се префрли товарот на докажување. И покрај тоа што е под влијание на други аспекти од американските закони за клевета, како што беше дискутирано погоре, сепак, експлицитно го постави својот став против новото правило од *Њујорк Тајмс против Саливан* и последователните американски случаи.

Во *Меквикар*, Европскиот суд беше повикан да суди според пресудата во случајот *Саливан*, како дел од барањата на британскиот новинар дека не треба да се бара од него да ја докажува вистината на тврдењата дека познат спортист користи дрога. Тој заклучи:

> **Судот смета дека барањето за барателот да докаже дека тврдењата изнесени во написот во суштина се точни врз база на билансот на веројатност, претставува оправдано ограничување на неговата слобода на изразување според ставот 2 од членот 10 од Конвенцијата...**[75]

## Заштита на анонимни извори

Интересно, ова покренува уште едно прашање за кое судската практика на ЕСЧП е многу понапредна. Еден од проблемите со кои се соочуваше Меквикар во докажувањето на вистината на неговите наоди беше дека неговите извори не беа подготвени да сведочат во

[75] *McVicar vs. United Kingdom*, апликација бр. 46311/99, пресуда од 7 мај 2002, параграф 87.

негово име. Се разбира, во многу случаи, тврдењата дека медиумите направиле прекршок ќе зависат од извори чија анонимност е загарантирана. Заштитата на анонимните извори се гледа како принцип на новинарската етика.

Во познатиот случај *Гудвин*, каде што британски новинар одби судска наредба да ги открие своите извори, Европскиот суд заклучи:

> **Заштитата на новинарските извори е еден од основните услови за слободата на медиумите, како што е утврдено во законите и во професионалните кодекси на однесување во голем број Договорни држави и како што е потврдено во неколку меѓународни инструменти за новинарските слободи... Без таква заштита, изворите може да бидат одвратени од тоа да им помагаат на медиумите во информирањето на јавноста за прашања од јавен интерес. Како резултат на тоа, виталната улога на медиумите на јавен надзор би можела да биде поткопана и може да постои негативно влијание врз способноста на медиумите да обезбедуваат точни и веродостојни информации. Имајќи ја предвид важноста од заштитата на новинарските извори за слободата на медиумите во едно демократско општество и потенцијалниот ефект на одвраќање кој го има наредбата за обелоденување на изворот врз спроведувањето на таа слобода, таквата мерка не може да биде компатибилна со член 10 (чл. 10) од Конвенцијата, освен доколку не е оправдана со најважниот услов за јавниот интерес.**

Пресудата беше во корист на Гудвин, како што постапи и во други последователни слични случаи.

Сепак, барањето дека новинарот треба да ја докаже вистинитоста во наводна клевета може да наметне етичка дилема која може да се разреши само ако новинарот не успее да понуди такви докази. Се разбира, новинарот нема да биде принуден да ги открие своите извори, но казната доколку не го направи тоа би била губење на тужбата за клевета.

Специјалниот известувач за слободата на медиумите на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) има

специјална препорака за тоа како треба да се однесуваат судовите во ситуации кога новинари сведочат во судски постапки:

> **Не треба да се бара од новинарите да сведочат во кривични или граѓански судски процеси или да обезбедуваат информации како сведоци доколку тоа не е од суштинско значење, доколку информацијата не е достапна на кој било друг начин и доколку не постои веројатност дека тоа ќе го загрози здравјето и благосостојбата на новинарот или ќе ја ограничи неговата (или и на другите) способност да добива информации од други извори во иднина.**

Комитетот на министри на Советот на Европа препорачува:

> **Во законска постапка против новинар на основа на наводна повреда на честа или угледот на личност, властите треба да ги разгледаат, со цел утврдување на вистината или невистината на обвинувањата, сите докази кои им се на располагање според националното процедурално право и за таа цел не можат да бараат од новинарот да открие информации кои може да го идентификуваат изворот.**[76]

## Правни лекови/казни

Една причина зошто тужбите за клевета, без разлика дали кривична или граѓанска, се толку застрашувачки е влијанието на казните или оштетите што често се налагаат на медиумите во такви случаи. Често се спомнуваат тешки казни и високи оштети, кои имаат „застрашувачки ефект". Како што фразата јасно го покажува значењето, загриженоста не е само за новинарот вклучен во одреден случај, туку, исто така, и за влијанието кое законот за клевета може да го има врз истражувачкото новинарство.

Како што беше дискутирано погоре, меѓународните тела ја фокусираа својата загриженост на кривичната клевета и на опасноста дека новинарите би можеле да бидат затворени поради остварување на нивната професија и слободата на изразување.

---

[76] Совет на Европа, Комитет на министри, препорака бр. R (2000) 7 од Комитетот на министри за земјите членки за правото на новинарите да не ги откриваат своите извори, https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=342907&Site=CM.

Европскиот суд има разгледано неколку случаи на кривична клевета и иако, како што е наведено погоре, нема целосно да ја отфрли кривичната пријава, има коментирано неколку пати на пресудените казни, како во овој романски случај:

> **Околностите во конкретниот случај, класичен случај на клевета на поединец во контекст на дебата за прашање од легитимен јавен интерес, не содржат никакво оправдување за наметнување законска казна. Таквата казна, со својата природа, неизбежно ќе има застрашувачки ефект и фактот дека обвинетите не ги служеа своите затворски казни не го менува тој заклучок, увидувајќи дека индивидуалните помилувања се предмет на дискреционото право на претседателот на Романија; покрај тоа, ист таков акт на помилување осудени лица ги ослободува од служење на нивната казна, но сепак не ја брише нивната пресуда...**[77]

Во овој случај, Европскиот суд исто така беше критички настроен кон наредбата изречена за новинарите, како дел од нивната казна за осудувањето, со која им беше забрането да работат како новинари една година:

> **Судот повторува дека ограничувањата на активностите на новинари повикуваат на највнимателно испитување и се оправдани само во исклучителни околности... Судот смета дека... тоа е исклучително тешка казна и дека во ниедни околности не може да биде оправдана со самиот ризик од повторување на делото од страна на жалителите.**
>
> **...Судот смета дека со наметнување забрана за работење како новинари, како превентивна мерка од општ домен, иако со ограничен временски рок, домашните судови го прекршија принципот дека печатот мора да биде во можност да ја извршува својата улога на јавен чувар на демократското општество.**[78]

Во случаи на граѓанска клевета, главната причина за „застрашувачки ефект" е големата парична оштета која може да им се наметне на

---

[77] *Cumpana and Mazare vs. Romania*, апликација бр. 33348/96, пресуда од 17 декември 2004, параграф 116.

[78] Исто, параграфи 118-119.

медиумите во случај да се открие клеветничка објава од нивна страна. Во граѓанска тужба, целта на казната не е да го казни обвинетиот (оној што клевети), тука да се компензира тужителот, лицето кое било клеветено, за каква било загуба или штета направена од клеветата. Ако ова не може да биде демонстрирано, тогаш не е јасно зошто треба да има парична оштета. Вообичаено, клеветничка изјава може да се коригира со исправка или со извинување.

Често се појавува проблем во областа на нематеријалната штета. Ова се однесува на парични оштети доделени со цел да се надоместат загубите кои не може да се пресметаат во монетарна смисла, како што е губењето на угледот. Покрај штетата на угледот, судовите треба да ја земат предвид и потенцијалната штета што може да ја има големата парична оштета врз обвинетиот, но и пошироко на областа на изразување и на медиумите во општеството.

Европскиот суд е критичен кон големите нематеријални оштети, а во одредени случаи дури и ги оценува како прекршување на членот 10. Значаен случај беше оној на Толстој Милославски, кој беше автор на памфлет оценет дека содржи клевети и беше казнет со 1.500.000 фунти (во 1989 година) од страна на британската порота. Европскиот суд утврди дека казната е несразмерно висока и дека правото на Толстој Милославски за слободно изразување е прекршено, иако фактот дека тој извршил клевета не е спорен.

Во случајот на *Стил и Морис против Велика Британија* (случајот *МекЛибел*), Европскиот суд заклучи дека големината на оштетата мора да ги земе предвид ресурсите кои им се достапни на обвинетите. Вкупната сума која беше одредена од британските судови не беше многу висока „по современите стандарди", но е „значителна во споредба со скромните примања и ресурси на... обвинетите..."[79]

Во случајот *Филиповиќ против Србија*, Европскиот суд се повика на заклучоците од *Толстој Милославски* и *Стил и Морис*: дека оштетата мора да биде пропорционална на моралната штета, а исто така и на средствата достапни на располагање на обвинетиот. Во овој случај, иако обвинетиот неправедно го обвинил тужителот за „проневера", сепак точен е фактот дека тужителот бил под истрага за даночни прекршоци. Па оттука, и моралната штета не е голема и оштетата од

---

[79] *Steel and Morris vs. United Kingdom*, параграф 96.

судот е еквивалент на шестмесечна плата, сума која ЕСЧП ја оцени како прекумерна и како повреда на членот 10.[80]

Исто така, треба да се напомни дека Европскиот суд многу ретко пресудува оштета за нематеријална штета. Вообичаено заклучува дека утврдувањето повредено право е доволно, принцип кој може да биде препорачан за домашните судови.

## Како може меѓународните закони за човекови права да бидат применети во националните судови?

Голем дел од дискусијата на оваа работилница ќе се фокусира на стандардите за заштита на слободата на изразување утврдени во меѓународните и регионалните закони за човекови права. Но, како може овие стандарди да се применат на национално ниво? Дали граѓанскиот или кривичниот суд ќе ги игнорираат аргументите дадени врз база на овие стандарди?

Сите европски земји, само со неколку исклучоци, се дел од Европската конвенција за човекови права. Ова значи дека тие се обврзани со членот 10, кој обезбедува заштита и строги критериуми за примена на ограничувања.

Уште поголем број европски држави се дел од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. И овој пакт создава задолжителна обврска за државата да ги почитува обврските што произлегуваат од него.

Органот кој ја следи усогласеноста на државите со МПГПП е Комитетот за човекови права, тело составено од независни експерти кое дава толкување и насоки за тоа како треба да се спроведува пактот. Исто така, периодично го разгледува напредокот на секоја држава во спроведување на обврските од МПГПП. И, ако државата го има ратификувано првиот необврзувачки протокол на МПГПП, тој може да разгледа индивидуални жалби од поединци кои тврдат дека им биле повредени нивните права, под услов тие да ги имаат исцрпено домашните правни лекови.

[80] Filipovic vs. Serbia, апликација бр. 27935/05, пресуда од 20 ноември 2007.

МПГПП бара:

> **Онаму каде што не се веќе предвидени во постојните законодавни и други мерки, секоја држава-потписничка на овој пакт се обврзува да ги преземе потребните чекори во согласност со своите уставни одредби и со одредбите на овој пакт, да донесе такви закони или други мерки со цел да овозможи остварување на правата признаени во овој пакт.**[81]

Меѓутоа, точниот начин на кој се спроведуваат обврските од меѓународното право во земјите е прашање на голема варијација.

Теоретски, државите спаѓаат во една од две категории: ***монистички*** и ***дуалистички***.

***Монистички држави*** се оние каде што меѓународното право автоматски е дел од домашната правна рамка. Ова значи дека е можно да се повика на обврските на државата кон пактот во домашни судски постапки (како, на пример, судење за клевета).

***Дуалистички држави*** се оние каде што обврските од меѓународните договори станале национални закони само откако биле донесени од страна на законодавната власт. Додека ова не се случило, не може да се очекува од судовите да се усогласат со овие обврски во домашните случаи.

Државите со правни системи, како што се Велика Британија, Ирска, Кипар и Малта, се дуалистички. Социјалистичките држави се исто така дуалистички. Државите кои се засноваат на граѓанското право, со голема веројатност ќе бидат монистички, но многу од нив не се (на пример, скандинавските држави). Сите претходно дуалистички посткомунистички држави од Централна и Источна Европа сега се монистички.

Ова е теоријата. Практиката е малку пословена.

Во монистичките држави, иако ратификуваните договори автоматски се дел од домашното право, нивниот точен статус варира. Дали тие се над уставот? На исто ниво со уставот? Над националните закони? Или на исто ниво со нив? Одговорот варира од земја до земја.

---

[81] МПГПП, член 2(2).

Во дуалистичките држави, некои делови од меѓународното право може автоматски да се применуваат. Во државите како Велика Британија и Соединетите Американски Држави, обичните интернационални закони може да се повикаат директно, под услов да не бидат во конфликт со националните уставни закони. Уставот на САД, исто така вели дека „сите склучени договори или кои ќе бидат склучени во име на Соединетите држави, ќе бидат врховен закон на земјата". Сепак, во практиката, Врховниот суд најде многу договори (вклучувајќи ги и оние за човековите права) кои не се „самоизвршувачки", што значи дека тие мора прво да бидат инкорпорирани од Конгресот. Меѓутоа, дури ако и договорите не се вклучени во дуалистичките држави, судовите најверојатно ќе ги разгледуваат за водство во донесувањето одлуки за случаи.

Затоа е многу тешко да се дадат општи насоки за тоа колку домашните судови ќе ги признаат аргументите базирани на меѓународните правни стандарди.

Сепак, постои заеднички проблем што се појавува кај различни правни системи: судиите едноставно може да не бидат запознаени со обврските на државата од договорите или со содржината на договорите или како тие треба да бидат толкувани и применети. Веројатно не е добра стратегија во судски постапки да им се кажува на судиите дека тие треба да применат некој договор. Подобар пристап би бил да се повикува меѓународното право како *средство за толкување на националното право*.

Ситуацијата во однос со Европската конвенција за човекови права е малку поинаква.

Според протоколот 11 од ЕКЧП, Европскиот суд за човекови права има задолжителна надлежност врз државите кои се дел од Конвенцијата. Ова значи дека ако една личност не успее да обезбеди правен лек за прекршок на неговите права заштитени со Конвенцијата, може да се обрати до Судот.

Пресудите на ЕСЧП се обврзувачки само за државите на кои се однесуваат. Сепак, одлуките и расудувањето на судот *може* да бидат убедливи и во други слични случаи во рамките на други национални јурисдикции. Во некои држави, како што се Шпанија и Белгија, судовите се обврзани да ги следат толкувањата понудени од ЕСЧП во релевантни случаи, под услов тоа да не го намали обемот на правото.

Судската практика на ЕСЧП, во случаи на клевета, навреда, приватност и поврзани прашања, е исклучително широка и ја формира основата на содржината на оваа работилница. Судовите можат слободно да ги игнорираат пресудите на ЕСЧП, но може да се даде многу силен аргумент во врска со нив како убедливи и авторитетни интерпретации на обврските на државата според член 10.[82]

## Каква е судската практика од други јурисдикции?

Во овој прирачник понекаде се повикуваме на значајни случаи од национални судови. Се разбира, одлуката на националниот суд во една земја не го врзува судот на друга, дури и во случаи кога имаат слични закони и правни системи и дури и кога тие работат според доктрината на преседан.

Консултирањето со случаи од други земји е важно за да дознаете кои се најнапредните решенија и најубедливото расудување случаи за слобода на изразување. Ако овие аргументи се претставаат во случаи во националните судови, тоа мора да биде направено на внимателен и дипломатски начин, со цел да не ги антагонизира судиите. Сепак, важно е судиите кои водат случаи на клевета да бидат едуцирани за судската практика на други земји.

[82] Овој прирачник во голема мера се потпира на пресудите на ЕСЧП, бидејќи тој е најпрогресивниот правен орган во Европа за слободата на изразување, а воедно и поради тоа што со него може да бидат убедени и националните судови.

Меѓутоа, Европскиот суд има неколку недостатоци. Може да се наведе дека Судот:

- Не е доволно остар во осудата на кривичната клевета;
- Ја преувеличува важноста на „правото на углед“, кое не ни постои во ЕКЧП;
- Ја измеша заштитата на репутација со други основи за ограничување на слободата на изразување, вклучувајќи го јавниот ред и приватноста.

# 6. КОРИСТЕЊЕ НА ОВОЈ ПРИРАЧНИК

Во воведот ги презентиравме трите цели на ова упатство:

- Како извор на информации за учесниците кои сакаат да се подготват за работилница за клевета;
- Како референтна книга за учесниците (вообичаено адвокати) во подготвувањето на судски постапки;
- Како извор на информации за обучувачи кои подготвуваат работилница за клевета.

Првите две треба да се очигледни сами по себе.

За обучувачите кои се подготвуваат да го користат овој прирачник како насока за обуката, на располагање се и дополнителни ресурси, односно сет на планови за секоја сесија на работилницата, дополнети со материјали, вклучувајќи и PowerPoint презентации, студии на случај и симулација на судски сценарио.

Прирачникот и материјалите за обука се подготвени со цел да се спроведат серија на работилници за мешавина од адвокати и новинари, секоја од нив по два дена. Агендата за таква работилница е следната:

## ЕДУКАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЗАКОНОТ ЗА КЛЕВЕТА: КРАТКА СОДРЖИНА

***Ден 1 (адвокати и новинари)***

| | |
|---|---|
| Сесија 1: | Основни принципи и извори<br>Ограничување на слободата на изразување<br>(вкупно 90 минути) |
| Сесија 2: | Вовед во клевета (60 минути) |
| Сесија 3: | Национален закон за клевета (и поврзани прашања) (90 минути) |
| Сесија 4: | Разгледување на случаи на клевета (90 минути) |

***Ден 2 (само аквокати)***

| | |
|---|---|
| Сесија 5: | Клеветата во судска пракса на ЕСЧП (90 минути) |
| Сесија 6: | Судски случаи на клевета (90 минути) |

Сесија 7: Симулација: водење на хипотетички/измислен случај на клевета
Заклучоци: научени лекции од симулацијата, коментари за разликите помеѓу националниот закон и правото на ЕСЧП

***Уреднички семинар (само новинари)***

Најдобрите практики при известување за балансирање на правото на информирање на јавноста преку почитување на етичките и правни граници за заштитата на угледот.

Како што е наведено погоре, препорачано е правната обука да биде надополнета со уреднички семинар за новинари за најдобрите практики во редакциите за балансирање на правото на информирање на јавноста со потребата да се почитуваат етичките и правни граници во врска со заштитата на угледот. Оваа сесија идеално треба да биде водена од страна на искусен уредник и евентуално да вклучи адвокат кој може да ги разјасни практичните прашања на новинарите.

Ако работилницата се одржи само за адвокати, оваа агенда може да биде компресирана, бидејќи сесиите 5 и 6 покриваат слични теми како сесиите 2 и 4, но со повеќе правни детали. Би било возможно да се компресира целата обука во еден ден, со отфрлање на дискусијата за основни принципи и извори на слободата на изразување и комбинирање на сесиите 2 и 4 со 5 и 6, како и скратување на симулација на судска вежба.

## Педагогија и образование за возрасни

Адвокатите, за разлика од повеќето луѓе, повеќе се навикнати на постојано читање со цел да ги развијат своите знаења и разбирање - тоа е константно професионално барање. Дури и така, тие не се ослободени од општите принципи на педагогијата за возрасни, која вели дека луѓето ќе имаат поголеми шанси да го задржат знаењето и да го разберат ако тие кажуваат и прават работи преку вежба, наместо едноставно читање или слушање.

Во прирачникот и придружните планови за обука се вклучени разни „размени на идеи“ и „точки за дискусија“, кои имаат за цел да

истакнат ситуации во кои тренерите може да ги вклучат учесниците во дискусијата. Првите се наменети за брзи и отворени дискусии, обично на местото каде што прво се воведува темата. Вторите се можност за повеќе суштински и разумни дискусии. Се разбира, добар тренер, веројатно ќе сака да отвори дискусија и на многу други места.

Студиите на случаи во сесијата 4 и симулацијата во сесија 7 се особено важен дел од процесот на учење. Тие се наменети за да се консолидираат теоретските делови од вежбата преку поттикнување на учесниците да ги проценат различните сценарија и да застапуваат различни позиции. За тренерот може да е особено корисно да ги менува клучните аспекти на овие сценарија во текот на дискусијата (со оглед на тоа што сите тие се измислени), со цел да нагласи одредени точки на важност.

## IPI: Defending Press Freedom for Over 65 Years

The International Press Institute (IPI), the oldest global press freedom advocacy organisation, is a worldwide network of editors, media executives and leading journalists dedicated to furthering and safeguarding press freedom, promoting the free flow of news and information, and improving the practices of journalism. Based in Vienna, IPI is a politically neutral organisation and holds consultative status before a number of inter-governmental bodies.

**International Press Institute**

Spiegelgasse 2/29
1010 Vienna, Austria
www.freemedia.at
+43 1 512 90 11
ipi@freemedia.at

## The Media Legal Defence Initiative

is a non-governmental organisation which helps journalists, bloggers and independent media outlets around the world defend their rights.

We help journalists who publish via print, broadcast or the internet, by making sure they have good lawyers to defend them. If necessary we pay legal fees and we work alongside lawyers to make sure the best possible legal defence is provided. We work directly with individual lawyers around the world, and we also have partnerships with national organisations who provide legal aid to journalists. Our long-term goal is to strengthen media legal defence capacity around the world by supporting initiatives that enhance the legal knowledge, skills and effectiveness of those working in the field.

**MLDI**

The Foundry
17 Oval Way
London
SE11 5RR
United Kingdom
www.mediadefence.org
+44 (0) 203 752 5550
info@mediadefence.org